СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Второто продолжение на Четириесет и деветтата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 септември 1992 година

Скопје, септември 1992 година

**II ПРОДОЛЖЕНИЕ ОД 49-та СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО**
**НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ОДРЖАНА на 4 СЕПТЕМВРИ 1992г.**

ДЕСКУТАНТИ:


1. АНДОВ СТОЈАН – 1, 83, 124
2. АЛИУ ХАМИД – 85
3. АБДИ ФАИК - 96, 99
4. АЈДАРАГА ГАЗМЕД - 116
5. ГОШЕВ ПЕТАР - 86
6. ДАВЧЕВ САНДЕ - 94
7. ИВАНОВСКИ СИМЕОН - 28
8. ИВАНОВ ИВАН - 77
9. ИВАНОВ ЉУБИСАВ - 112, 115
10. ЈУМЕРОВСКА ЏУЛИСТАНА - 124
11. МАНЕВ ЕФТИМ - 120
12. МАНЧЕВСКИ ЈОВАН - 108
13. МИНОВ ПАНЧО - 105
14. МУРАТИ ЏЕЛАДИН - 56
15. ПЕТКОВСКИ ТИТО - 64, 65, 81, 109
16. ПАУНОВ ТОДОСИЕ - 60, 64
17. ПЕТРОВ ТОДОР - 29, 40
18. ПАНОВСКИ МИХАИЛ - 25, 27, 65, 82
19. ПОПОВСКИ КИРО - 50
20. ПРЕВАЛА ШАБАН - 55
21. ПОПОВСКИ ДИМИТАР - 59
22. ПОПОВСКИ ЉУПЧО - 91
25. СТОЈКОВ СТОИЛЕ - 29
24. СТОЈАНОВСКК НАУМ - 122
25. ЦРВЕНКОВСКИ БРАНКО - 5 ( Програма на Владата)
26. ЦВЕТКОВСКИ СТОЈМЕР -118
27. ТАИРИ ЏЕЛИЛ - 111
28. ХАНЏИСКИ БЛАГОЈ - 107


КРАЈ

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

**од Второто продолжение на 49-та седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 4 септември 1992 година**

Седницата се одржа во просториите на Собранието, сала 1, со почеток во 10,55 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Стојан Андов, претседател на Собранието.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Предлагам да продолжиме со работа.

Дозволете ми на почетокот на продолжението да направам две напомени. Прво, во врска со вчерашниот тек на седницата, мислам дека ќе го изразам и вашето мислење дека во жарот на полемиките кои беа една вистинска слика на политичка борба, беа изречени некои невистини кои можат да и нанесат штета на македонската држава. Затоа, сакам овде едноставно да ги демантирам. Беше речено од еден пратеник дека дури и македонскиот врв, така го парафразирам е вмешан во не- легална трговија со дрога, оружје, што рече. Таква една теза беше истакната од некој грчки извор, но цел свет сфати дека тоа е клевета. Сакам овде да напоменам дека и овде тоа е клевета. Нема н^каква вистина во таа теза и во тие наведувања и искажувања овде.

Второ, беше речено дека Македонија крши санкциите спрема Сојузна Република Југославија. Сакам да кажам дека сите информации со кои располага Владата кои биле достапни и сите информации на сите светски институции кои го контролираат контролирањето на институциите тврдат спротивно, дека Македонија се придржува на спроведувањето на санкциите спрема Сојузна Република Југославија.

I/2/пј/СМ

Овие напоменам кои сакам да ги дадам, сакам да ги дадам само заради тоа што да укажам и кога многу полемично и многу страсно овде сакаме да ги изнесеме поединечните или ставовите на пратеничките групи во врска со некои отворени политички прашања кои се овде на расправа или кога сакаме да се допаднеме на граѓаните или на некои надвор од Југославија, мораме сите овде присутни крајно многу да водиме сметка за основните државни интереси на Републиката ч Да немаме определба да се нанесе штета на Републиката со ширеше на невистини.

Втора напомена која сакам да ја дадам, ние с«ноќа престанавме со работа некаде околу 21,00 часот, пред тоа бевме информирани од координаторот на Парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ дека нивната парламентарна група нема да учествува во работата на Собранието кога ќе се утврдува дневниот ред w кога ќе се расправа и гласа за Владата на Република Македонија, поради тоа што тие мислат дека требаше оваа точка да са одложи до решение на Уставниот суд во постапката што ја повел еден од пратениците на таа група. Се разбира, Собранието на друг начин се определи и ние одлучивме денес да расправаме.

Синоќа кога прекинавме со работа се створи прилика повторно да се оствари контакт со оваа група и јас пред седницата го повикав координаторот на групата господинот Стефковски кој дојде на разговор, имавме подолг разговор, беше присутен w генералниот секретар на Партијата пратеникот Змајковски на разговорот. Се обидов да укажам дека е значајно Парламентот да биде во полн состав и сите пратенички групи да учествуваат кога се разгледува Програмата на идната влада и се врши нејзиниот избор, но господинот Стефковски ми кажа дека после подолг предлог, ми соопшти став е на групата да не се менува одлуката што ја имаат заземено и соопштено синоќа и ете тие нема да. присуствуваат на

продолжување на седницата за избор на влада. Сакам да ви соопштам господа пратеници дека направивме еден дополнителен напор, да ви го кажам ете и резултатот од тој напор.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

Минуваме на **точката 1** - Избор на влада на Република Македонија.

Изборот на Владата на Република Македонија се врши според постапката утврдена со Уставот на Република Македонија, Законот за Владата на Република Македонија и привремениот деловник на Собранието на Република Македонија. Претседателот на Република Македонија мандатот за состав на Владата му го довери на кандидатот за Социјалдемократскиот сојуз на Македонија, Бранко Црвенковски.

Програмата на Владата и предлогот за состав на Владата ќе ги образложи мандаторот Бранко Црвенковски.

Има збор Бранко Црвенковски.

**БРАНКО ЦРВЕНКОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувано Претседателство, почитувани пратеници. Предлогот за состав на новата Влада со кратките биографи на кандидатите ги добивте по писмен пат. Верувам дека имавте прилика да се запознаете со составот, уште повеќе што дел од личностите што се кандидати за составот на новата Влада се широко познати и во јавноста и пред овој пратенички состав.

Во оваа прилика само би кажал дека составот таков каков што е е резултат на меѓупартиските договори и усогласувања, при што јас како мандатор се обидувам во крајна можна мера да ги респектирам предлозите кои доаѓаа од политичките партии кои застанаа зад оваа Влада.

I/4

Морам да го искажам w своето лично убедување, а и задоволство што од личностите кои што беа предлагам од страна на политичките партии може да се извлече еден заклучок, а тоа е дека партиите крајно свесно и одговорно, свесни за состојбите во кои што се наоѓа Републикава се обидоа во рамките на своите можности да понудат што е можно поквалитетни решенија.

Во оваа прилика јас би сакал да објаснам само една дилема што беше искажана низ расправите при утврдувањето на дневниот ред за еден конкретен случај, а се работ^ за кандидатот за министер за образование, Димитар Бајалџиев. Имено, и низ јавноста проструи веста дека Бајалџиев поднелуоставка на Владата во оставка, што не е точно, туку мене ме извести по писмен пат дека заради состојбите во кои што се најде образованото и немањето слух на постојната Влада бара изземање од листата за состав на новата влада. Меѓутоа, после разговорите кои што ги обавивме заедно, а кои што заедно ги согледавме уште еднаш состојбите во образованието и сериозноста на целата состојба, а морам да кажам при тој разговор како еден од аргументите што јас го искористив беше и поддршката на просветните работници кои што му ја дадоа на досегашниот министер и кандидат за министер и во новата влада Димитар Бајалџиев се согласи, сепак да се најде на листата.

Инаку, на овој конкретен пример можеби е добро да се објасни каков беше пристапот на политичките партии. Имено, дел од личностите кои што се кандидати за состав на новата влада не се членови на ниедна политичка партија, туку токму заради својата стручност и квалитети кои ги поседуваат партиите ги ставија на своите кандидат- ски листи. Тоа е уште еден аргумент плус кој говори за сериозноста, за сериозниот пристап што политичките партии го имаа при кандидирањето на кандидати за состав на новата влада.

I/5

Изложувајќи ја во оваа прилика програмата за работа на Владата за претстојниот период, ќе се задржам само на генералните насоки и глобалните рамки на нејзиното дејствување. Доколку Владата биде избрана, по согледувањето на конкретните состојби во сите сфери на нејзиното дејствување, таа ќе биде подготвена да излезе|пред Собранието со далеку попрецизна динамика и редослед на чекорите за разрешување на сите конкретни проблеми;со кои се соочува нашето општество.

Основните програмски точки врз кои ќе се ангажира Владата се:

1. Зачувување на мирот и стабилноста во Република Македонија

2. Меѓународно признавање на Република Македонија

3. Стабилизирање на економските текови во Републикава и елиминирање на опасноста од тотален колапс и парализа на македонското стопанство

4. Радикализација на отпочнатите или навестените економски реформи чија крајна цел е создавање амбиент ма пазарна економија

5. Доградба на политичкиот систем, во правец на целосно конституирање на Република Македонија како демократска и правна. држава

6. Обезбедување на функционирањето на државата, почитување на правниот поредок и битка против правниот и економскиот хаос.

Се разбира, редоследот на програмските задачи не значи и нивен приоритет, бидејќи постои взаемна условеност и испреплетеност на секоја од нив.

Дозволете ми, во кратки црти да ги појаснам поводите ваквиот избор, како и непосредните задачи што произлегуваат за Владата по секое од овие прашања.

**1. Зачувување на мирот и стабилноста во Република Македонија**

Верувам дека ова е едно од прашањата за кои постои широк консензус меѓу политичките субјекти. Но и пошироко, меѓу граѓаните на Република Македонија и тоа најмалку од две причини:

Прво, затоа што мирот преставува природен, витален интерес на Република Македонија и

Второ. затоа што мирот е неопходен предуслов за реализација на сите останати цели што ги имаме пред себе.

Во изминативе две години, често пати, одејќи и по жица успеавме да ги избегнеме сите искушенија и премрежја кои можеа да не вовлечат во воени конфликти. За жал, на само неколку стотици километри одовде војната беснее во својот, како што тоа само па Балканот може да биде, најпримитивен, најсуров облик. Нејзините последици ги чувствуваме на најразлични начини, било на економски, било на политички план. Ужасите кои преку малите екрани се наши гости секоја вечер, како и историското паметење за разните војни кои во различи периоди беснееле токму на тлото на Македонија, се причини да созрее сознанието дека не треба да се жали ниту труд, ниту енергија да се бдее над мирот и да се сочува мирот.

И покрај сите досегашни напори и на поширокaта меѓународна заедница, војната во БиХ не стивнува, напротив, зголемен е ризикот за нејзино проширување и во други делови на поранешна Југославија. Како можни нови жаришта се споменуваат Војводина, Косово, Санџак, па дури и Македонија. Од тие причини исклучително е важно Република Македонија да ги продолжи и интензивира напорите за афирмација на својата мироњубива политика, желбата за добра соработка со сите свои соседи и во полна кооперативност со меѓународната заедница да го даде својот придонес за локализирање на воениот пожар и елиминирање на опасноста од негово проширување.

Уште поголемо внимание треба да посветиме на разрешувањето на омие внатрешни прашања кои бил автохтоно, било поттикнати од надвор, можат да послужат -ако иницијални каписли за нарушување на стабилноста на домашен план.

Ако се анализираат сите воени судири и го досега настанаа не само на териториите на бивша Југославија (Хрватска, БиХ), туку и пошироко (Азербејџан, Молдавија, Грузија) може лесно да се воочи дека се работи за етнички, меѓунационални: често и верски војни.

По некоја логика, може да се извлече ваков заклучок : можеби една од најголемите причини што во изминатиот период успеавме да го сочуваме мирот во Македонија лежи токму во поинаквиот пристап кон решавањето на прашањата од сферата на меѓународните односи, во високата свест што пред овие искушенија ја искажаа најголемиот дел од граѓаните на Република Македонија, без разлика на нивната национална и верска припадност. Тоа е придобивка која треба да се негува и надградува и во иднина.

Една од главните задачи на оваа Влада, ќе биде токму таа. Не треба да се има илузија дека е можно сите со години напластени прашања за да се разрешат преку ноќ и дека секогаш сите страни ќе бидат задоволни. Најважно е да има меѓусебно почитување и разрешувањето на спорните прашања да го гледаме во институциите на системот, при што зачувувањето на територијалниот интегритет, суверенитетот и независноста на Република Македонија ќе биде наша заедничка задача и обврска.

Можеби фактот што поддршка на оваа Влада и дадоа партии кои во своите редови имаат Македонци; Албанци, Роми, Турци, Власи, Срби, претставува уште еден доѕидан камен во куќата на меѓусебната доверба.

Мирот е наша заедничка потреба. Да го чуваме заедно. Ако го изгубиме него, сме изгубиле се.

## 2. Меѓународно признавање на Република Македонија

На својот пат кон стекнување на полна самостојност и независност се определивме за средствата и методите на цивилизираниот свет, уважувајќи ги демократските норми и стандарди.

Клучни потпорни точки во тој процес беа

- Декларацијата за сувереност на Република Македонија донесена од страна на овој Парламент;
- Референдумот на кој граѓаните на Република Македонија на демократски начин ја изразија својата волја за изградба на самостојна и суверена држава;

- Уставот на Република Македонија во кој ја вградивме нашата определба граѓански концепт на општество респектирајќи ги европските стандарди за почитување на човековите права и слободи и изградба на вистински демократска и правна држава.

Токму врз основа на овие фундаменти, како и вкупната однесување на Република Македонија во процесот на разрешувањето на југословенската криза, Арбитражната комисија на Европската заедница, предводена од господинот Бадентер донесе одлука дека Република Македонија ги исполнува сите услови за меѓународно признавање. Со други зборови, таму каде што за нашето меѓународно признавање се одлучуваше од аспект на правото и правдата, битката веќе ја извојувавме.

Таму каде за тоа се одлучува од аспект на политичките, па ако сакате и економските интереси, таа битка се уште трае.

Неколкумесечното искуство зад нас го зацврсти сознанието дека меѓународното признавање на Република Македонија е процес кој трае. Ќе има периоди на стагнации. па дури и на горчливи искуства, но и моменти на успех и потир дека сме на вистинскиот пат.

Условот што ни е наметнат со Лисабонската декларација, под влијание на една членка на Европската заедница, за нас е неприфатлив и тука недвосмислен одговор даде токму овој Парламент.

Една од задачите на оваа Влада ќе биде, со поорганизирана и поагресивна надворешна политика, но и низ засилена информативна дејност, да ги појасни пред светот причините за таквиот наш став.

Предлогот за бришење на зборот Македонија од името на оваа држава не само што претставува преседан во историјата на човештвото, туку и обид национално да се обезличи еден народ. Право на донесување на таква одлука нема никој.

Ако Грција успеа по прашањето на непризнавањето на Република Македонија да постигне така широк внатрешен консензус, таква сила мобилизација па сите свои потенцијали, тогаш ние имаме сто пати, илјада пати посилен мотив да покажеме единство во битката за меѓународно признавање.

Ова е прашањето и овој е моментот кога треба да се обединат сите човечки потенцијали тука во татковината и секаде ширум светот.

Меѓународната позиција и статусот на Македонија не се градат само преку Министерството за надворешни работи и дипломатските активности. Напротив, исто така. ако не и повеќе, битна е афирмацијата на нашата култура, наука, економските . врски, .демократските дострели во нашето внатрешно уредување.

Тука ја гледам задачата што и претстои на оваа Влада да претставува и иницирачко организационо јадро на активностите од овој тип. Се разбира, Владата би била само една алка вој синџирот субјекти кои треба да го дадат својот придонес во процесот што се вик| меѓународно признавање на Република Македонија.

Една од првите конкретни активности на оваа Влада ќе биде подготвување на теренот за прием на Република Македонија во ООН.

Паралелно со продолжувањето на активностите насочени кон Европската заедница, Владата на Република Македонија ќе ги интензивира контактите и со други регионални и меѓународни асоцијации како и со поодделни воневролски земји членки на ООН.

## 3. Стабилизирање на економските текови во Републикава и елиминирање на опасноста од тотален колапс и парализа на Македонското стопанство

Во изминатиот период, во вакви прилики, главно се говореше за развојни програми, за нови инвестициони циклуси, за техничко технолошки напредок. Како што гледате, овој пат, темата е попесимистички зададена, но верувајте ни од далеку приближно на објективната состојба во која се наоѓаме.

Периодот на транзиција на економскиот систем од планско договорен во пазарно ориентиран, сам по себе, дури и кога не би бил оптоварен со други вонекономски тешкотии и кога би бил следен со соодветна финансиска поддржка, е болен и долготраен. Примери за тоа има во голем број земји (Романија, Бугарија, Полска, па дури и во поранешна Источна Германија). Ако на тоа се надоврзат дополнителните фактори што произлегуваат токму од ваквиот расплет на југословенската драма и специфичната ситуација во која се наоѓа Македонија низ процесот на меѓународно признавање, сосема е јасно дека машата состојба, пред се, на економски план, е повеќекратно усложнета

Дозволете ми само низ неколку параметри да ја илустрирам ситуацијата во која се наоѓаме:

- Вкупниот општествен производ во Република Македонија во последниве неколку години има постојана тенденција на драстично опаѓање. Ако во 1990 година неговото реално намалување изнесуваше 9,5%, во 1991 година 14,6 %. проценките за оваа година се катастрофални дополнителни 20 %:

- Апсолутната големина на општествениот производ од 3,1 милијарда долари во 1980 година, опадна ка 1,8 милијарди долари колку што се проценува дека ќе изнесува па крајот на 1992 година.

Слична е состојбата со општествениот производ по жител. Од 1650 долари во 1980 година до проценката од едвај 850, долари за оваа година, што претставува драстичен над од речиси 50 %. Не треба да се нагласува дека со овие бројки опасно се приближуваме кон земјите од последната лига во светски рамки и кои се поопасниот праг на сиромаштво и егзистенцијална загрозеност на се поголем дел од населението во Републиката. Слични се и податоците за физичкиот обем на индустриското производство во Република Македонија, кое во 1990 година е намалено за 10,6% во 1991 година за 17,2 96, а за само седум месеци од оваа година имаме дополнително намалување од уште 10,4 %. Оваа тенденција не само што не запира, туку напротив, од ден на ден, се влошува така што само во месец јули 1992 година, во однос на истиот месец од минатата година, намалувањето на индустриското производство изнесува дури 22,2 96.

На едно вака неповолно движење на основните материјални показа|ели се надоврзуваат и податоците за обемот на надворешно-трговскиот дефицит, за задолженоста кон странство и проблемот на

внатрешните дефицити. Поради неповолната стопанска структура и недоволната ориентираност кон извозот, стопанството на Република Македонија остварува годишен дефицит во надворешно - трговската размена од 250 до 300 милиони долари.

На 31 декември 1991 година вкупниот долг на Република Македонија кон странство, по основ па среднорочни и долгорочни кредити и заеми, изнесуваше една милијарда и 271 милини долари, од кои речиси 846 милиони долари главнина на долгот и 425 милиони долари камата.

Со еднаква, ако не и со поголема тежина е обемот на внатрешните долгови, односно дефицити во Република Македонија. Под ова се подразбираат дефицитите од вкупното работење на правните лица во Републиката, дефицитите во стопанството (загубите) и во општествените дејности, во социјалните фондови, потоа д дефицитите во буџетите, дефицитите и дубиозите во банкарскиот систем (нелаплативи побарувања), дефицитите во вкупните трансакции со странство и друго што се вкупно достигна износот над 30 % од општествениот производ во 1991 година.

Само обврските по основ на искористените кредити од странство и обврските по основ на веќе потрошените девизни заштеди на граѓаните од Републикава (кои изнесуваат преку една милијарда долари) ја надминуваат вредноста на очекуваниот општествен производ за 1992 година за околу 400-500 милиони долари.

Во нашиот народ постои изрека : "Злото никогаш не доаѓа само"

На губењето на дел од пазарите од поранешна Југославија и кинењето на деловните врски заради воениот расплет на југословенската криза, што е несомнено една од главните причини за вака катастрофалните показатели во последниве две години, се надоврзаа перманентните блокади од страна на нашиот јужен сосед и санкциите на ООН спрема Србија и Црна Гора.

Последиците од блокадата ги чувствуваме перманентно а во последно време и директно, врз крвотокот на нашето општество, преку нафтената криза.

Санкциите спрема СР Југославија имаат за цел спречување на военото крвопролевање во БиХ и елиминирање на опасноста од негово проширување во другите делови на Балканот. Тоа е и наш витален интерес и сосема е разбирливо што Република Македонија се придружи кон меѓународната заедница во спроведувањето на Резолуцијата 757 на Советот за безбедност на ООН. Меѓутоа, мораме да бидеме свесни дека тоа има и своја цена. Проценките говорат за сума од 1,3 милијарди долари претрпена штета заради почитувањето на санкциите. Каков удар тоа претставува за нашето стопанство не треба посебно д се образложува, последиците се чувствуваат скоро во секое претпријатие во Републикава.

Сите досега изречени бројки и уште многу други, преведени на јазикот на нашиот секојдневен живот, значат страотно опаѓање на стандардот на граѓаните за најголем дел од нивото на социјалната издржливост.

Последната евидентирана бројка е 173 илјади невработени, со тенденција на постојан пораст.

Просечната плата во месец јуни изнесуваше само 43 268 денари или помалку од 100 германски марки. Меѓутоа, дури и вака ниската просечна плата'" во најголем број на претпријатија не можеше да се обезбеди. До крајот на месец јули плати за јуни и претходните месеци не исллатиле 3.032 правни лица, .со 32.461 вработен.

според податоците од полугодишните пресметки за 1992 година, стопанството на Република Македонија оствари вкупна тековна загуба од 37,9 милијарди денари, кај 2.534 правни лица, со 91.418 вработени. Тоа значи дека секое петто правно лице, односно секој четврти вработел работи со загуба.

Како резултат на ваквите состојби и тенденции во стопанството произлегува и неповолната, речиси, катастрофална состојба во областа на општествените дејности. Покрај мошне ниските плати во овие облаги присутен е и постојан недостиг на средства за нормално извршување на основите функции. Впрочем тие проблеми се до крајна мера актуализирани токму во последниве денови.

Верувам дека ќе се согласите, во оваа сала никогаш до сега не се разговарало за избор на нова Влада при така изразени социјални тензии. при толку отпочнати или навестени штрајкови во цели сфери на општественото живеење.

Зад нас е искуството на два хиперилфлаторни циклуси и сознанието за последиците што тие ги нанесоа врз нашиот економски систем. Токму од тие причини, пред неколку месеци Владата на Република Македонија предложи, а Собранието ја поддржа Антиинфлаторната програма. За жал, од самиот почеток, под силните притисоци што доаѓаа од разни страни, таа претрпе

сериозни нарушувања. Со последните закони и одлуки за зголемување на платите таа дефинитивно е разбиена. Сите номинални сидра на програмата се пробиени.

Од сето претходно изречено _ произлегуваат задачите и приоритетите што се поставуваат пред оваа Влада:

- Пред се, водење на стабилизациона економска политика;

- Обид да се реконструира Антиинфлаторната програма, ако е тоа можно или изработка на нова, се разбира, со претходно пеглање на диспаритетите што се создадоа во меѓувреме;

- Отстранување на блокадите со кои се соочуваме, надминување на нафтената криза, заокружување на енергетските биланси на Републиката:

Создавање на амбиент во кој стопанските субјекти од Републиката полесно ќе дојдат до алтернативни пазари, со што би се ублажиле последиците од војната и санкциите врз Србија и Црна Гора;

- Искористување на сите можни канали и потенцијали за пристап до меѓународните финансиски кругови, обезбедување на финансиска помош и репрограмирање на пристигнатите долгови.

Треба широко да се афирмира сознанието дека пред нас претстои битка за економски, што со други зборови значи и физички опстанок на Република Македонија и дека таа битка може да се добие само ако секој поединец, граѓани, во рамките на своите можности, даде полн придонес и тоа не само заради сопствената иднина, туку и заради иднината на нашите деца.

## 4. Радикализација на отпочнатите или навестените економски реформи чија крајна цел е создавање амбиент на пазарна економија

тековните економски проблеми што се закануваат да го загушат функционирањето на стопанството и од тие причини го наметнуваат својот приоритет пред новата влада, во ниту еден момент не смеат да ги закочат или да ги забават веќе отпочнатите економски реформи, туку, напротив, претставуваат дополнителен аргумент за нивна радикализација. Едно од базичните прашања не само за нас, туку и за сите поранешни социјалистички држави, без чие решавање нема предуслови за вистинско пазарно стопанисување е прашањето на сопственоста. Во собраниската процедура веќе се наоѓа нацртот на законот за трансформација на општествената сопственост. Наша заедничка задача, на Владата и на Собранието, е тој закон со сите подобрувања што ќе произлезат низ расправата по него, да биде донесен што е можно побрзо.

Долгорочно и системски гледано, токму трансформацијата која води кон создавање на амбиент за целосно пазарно стопанисување, в единствената наша шанса не само за надминување на повеќегодишната економска криза во која се наоѓаме, туку и за создавање на систем кој по своите постулати ќе биде компатибилен со земјите кон чии асоцијации се стремиме.

Во исто време, со донесувањето на овој закон ќе се спречат шпекулациите со прелевањето на општествената сопственост во приватни раце вон сите принципи на правдата и правичноста, за што оправдано реагираат граѓаните.

Либерализацијата на економијата ќе биде главната одредница на Владата во изнаоѓањето системски решенија и во спроведувањето на економските реформи, при што ќе се стави акцент на создавање услови за поттикнување и развој на приватниот капитал.

Владата ќе создаде услови за слободен пристап во некои од стопанските гранки кои досега беа монополизирани.

Во наредниот период ни претстои изготвување на нов банкарски систем, реформа на даночниот систем, како и реорганизација на постојните или конституирање на нови институции неопходни за реализација на сите овие зафати.

Еден од најсериозните наследени проблеми со кој ќе се соочи новата Влада, е проблемот на девизните заштеди на граѓаните на кој ќе му биде посветено особено внимание.

Со години наназад, се споменува дека една од нашите шанси е привлекувањето на странскиот капитал и инвестиции. За жал, резултатите на тоа поле се минорни, во голем дел, заради објективни причини (нестабилната политичка и економска состојба, војната во нашето соседство, пролонгирањето на меѓународното признавање), но и заради нашите нормативни решенија кои не се доволно привлечни, ниту доволно сигурни за странскиот инвеститор.

Законот за концесии, како и другите решенија кои имаат свое влијание врз оваа сфера. се проблем со кој и оваа Влада, но и ова Собрание, ќе треба да се соочат во најбрз можен рок.

Треба да бидеме искрени пред самите себе и да кажеме дека во Република Македонија искуство, па ако сакате и знаење и стручност за сите овие прашања нема на претек. Од тие причини, Владата ќе биде отворена

за соработка и ангажирање на стручни тимови, на луѓе од научните кругови, стопанството, а во определени ситуации, и од странство.

**5. Доградба на политичкиот систем, во правец на целосно конституирање на Република Македонија како демократска и правна држава**

Едно од прашањата по кое постоеше широк консензус меѓу сите политички партии при конституирањето на овој Парламент беше определбата Република Македонија да ја изградиме како демократска и правна држава. Тргнувајќи од тие определби, и се донесоа новиот Устав на Република Македонија, Устав на самостојна и суверена држава, како темел на новиот политички систем чија изградоа се уште трае. Досегашните одредиици во тој процес беа создавање институции на современа демократија и владеење на правото, но, пред се, создавање на клима на граѓанска и меѓунационална толеранција и почитувањето на човековите права и слободи, како неопходен предуслов за функционирање на демократските институции во Република, Македонија.

Оваа Влада, во наредниот период посебно ќе се ангажира врз прецизното остварување на уставниот принцип за поделба на власта (како основа на ограничувањето, но и како контрола на власта).

Во изминатиот период, било заради немање политичко искуство, било заради сложените околности во кои се наоѓаше Македонија, овој принцип во одредени ситуации беше запоставуван. Предусловите за функционирање на правната држава ќе бидат обезбедени само доколку во што е можело пократок рок се извршат уставните и законските промени во начинот на изборот и составот на судската власт, обвинителството и уставниот суд.

Исто така, треба да се спроведат промени во кривичното и граѓанското законодавство, како и во судските постапки, соодветно на новиот уставен систем и граѓанското општество. Надминувањето на остатоците од таканареченото "идеолошко" законодавство ќе биде приоритетна задача.

Една од највидливите слабости во функционирањето на системот во Републикава е се уште недефинираниот статус на локалната самоуправа. Новата Влада ќе се залага овој законски проект да овозможи поголеми слободи,.и автономија на локалните заедници и на граѓаните во нив, што е! согласност со е#ропските демократски процеси.

Доколку биде избрана, оваа Влада ќе биде со најнеизвесен мандат во историјата на нашата држава. Идејата за нови, предвремени парламентарни избори во Републиката е често споменувана во последно време. Оваа Влада во ниту еден момент нема да се јави како кочница за нивно одржување. а ќе го подготви во најкус можен рок и ќе му го предложи на Собранието на Република Македонија пакетот неопходни закони потребни за одржување ма изборите како што се :

- Закон за избор на пратеници:
- Закон за претседател на Републиката;
- Законот за политичките партии.

Со предлагањето на овој пакет закони Владата смета дека ќе бидат исполнети условите, одлуката за нови избори да ја донесе Собранието, а моментот во кој тоа ќе се случи ќе зависи само од волјата на пратениците.

**6. Обезбедување на функционирањето на државата, почитување на правниот поредок и битка против правниот и економскиот хаос**

На почетокот реков дека редоследот на посочените програмски точки не значи и нивен приоритет. Напротив, постои взаемна условеност и испреплетеност на поставените пунктови.

Тоа е можеби најизразено токму кај оваа програмска определба, бидејќи ништо, буквално ништо од претходно изреченото не ќе може да се реализира ако не се обезбеди функционирање на државата и почитување на правниот поредок.

Никогаш во историјата на оваа држава во таа мера не царвула незаконитоста, изигрувањето »а нормативната регулатива, не беснеел криминалот од секаков вид.

Стопанскиот криминал. неплаќањето на даноците и другите обврски спрема државата, шверцот и црната берза' се наше секојдневие.

Митото и корупцијата се вгнездени токму во оние институции кои треба да го штитат уставниот и правниот поредок.

законите, добри или лоши, мора да се почитуваат се додека не се донесат други. Во спротивно, огромна е опасноста ш"нашиве простори да завладее подземјето, кое засега го носи само атрибутот криминално, но доколку организационо и финансиски се зацврсти може да прерасне и во политичко. Впрочем. такви примери ширум светот постојат и токму заради таквите примери тоа зло треба да се сосече во корен.

Нашите граѓани се длабоко свесни за товарот што во оваа криза треба да го понесат. Она што секого го иритира е беззаконието и богатењето преку ноќ врз грбот на останатите, при што се кршат законите на очиглед на органите на власта.

Владата по овие прашања ќе биде ригорозна. При тоа, прво ќе почне од преиспитувањето во сопствените редови, во органите на управата.

Демократијата не е анархија, Македонија не е и не смее да биде економско Елдорадо и мека за криминалците од секаков вид.

Патот кон Европа води преку создавањето но и преку почитувањето на правната држава. Секој друг лат ќе не однесе на некои други меридијани, далеку од опа што го посакуваме и ветуваме.

**Почитувани пратеници,**

Се обидов во кратки црти да ги прикажам состојбите во кои се наоѓаме и задачите што врз основа на тие состојби се поставуваат како приоритетни во програмата за работа на Владата.

Во процесот на преговорите за составување на новата Влада имав лична желба, а и определба на сопствената партија, за конституирање на влада во која ќе партиципираат сите поголеми парламентарни партии, врз пропорционални основи, според бројот на пратениците во Парламентот и заеднички договор за општо прифатлив мандатар. Таква спремност постоеше и кај останатите политички партии што застанаа зад оваа влада. За жал, во таа намера не успеавме.

И покрај тоа, Владата ќе биде отворена за сите аргументирани предлози и сугестии што ќе доаѓаат од страна и на оние партии кои од денес ќе преставуваат, се надевам, конструктивна опозиција.

Впрочем, програмските задачи за кои претходно говорев се во согласност со партиските програми на речиси сите политички партии во Републикава

Верувам дека во ова Собрание, Владата ќе се соочува со богатство на идеи и алтернативни решенија, при што за сите нас единствено мерило ќе биде силата на аргументот. Тоа е и единствениот начин да го исполниме својот долг и кон сопствениот народ и кон нашата Македонија.

II/1 ДВ/НД

(Бранко Црвенковски ја изложи својата програма)

(Бурен аплауз)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Врз основа на член 107 од, Деловникот предлагам Собранието да одлучи секој пратеник да може само по еднаш да земе збор и да зборува до 10 минути, а се разбира оние пратеници кои ќе настапат во името на пратеничките групи не би ги ограничувале на 10 минути, предлагам за нив да биде 15 минути.

Овој предлог го давам заради тоа што ние два дена водевме расправа за утврдување на дневниот ред, но поголем дел од расправата навлезе содржински во програмските елементи, во составот на Владата, во политичките конфигурации на поедини партии, пратенички групи, пратеници итн. Мислам дека не би требало сега повторно да се изложиме и на теориска можност на повторни обиди на одолговлеквување на расправата, а притоа тоа да не помогне да дојдеме до некои нови аргументи. Предлогот што го давам мислам дека овозможува и секој пратеник ако навистина има концизна мисла, формулирана, да може да ги изложи и своите погледи на програмата, а исто така и на составот на Владата.

Молам, дали се прифаќа овој предлог?

Кој е за молам да крене рака? (63)

(Од место се уфрла пратеникот Тодор Петров кој протестира поради оваа одлука)

Вие господин Петров не сте добиле збор, а не ви давам збор, бидејќи по деловникот не е предвидена расправа за тоа.

Ако имате други предлози сега во врска со расправата, повелете.

Има збор господин Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници,

Господинот спикер кој во македонскиот Парламент е и претседател на Парламентот по мене, си зема преголема слобода во работата на Парламентот. Јас два дена трпеливо чекав, не станав воопшто да дискутирам за било што бидејќи сметав дека не требаше да се дозволи толкава слобода при искажувањето на пратениците околу составувањето на дневниот ред. Доколку господниот спикер во македонскиот Парламент беше принципиелен овој предлог ќе го дадеше уште тогаш на гласање. Факт е дека со тоа ни се ограничува нашата дискусија. Зошто да не ни се дозволи барем ние што ќе настапиме во име на пратеничка група да можеме слободно без никакво ограничување да си го искажеме нашето мислење. Јас не гледам причина. Јас незнам кој би се обдувал да одолговлекува со работата кога факт е дека најголемата пратеничка група на ВМРО-ДПМНЕ не е тука. Тука сме само неколку независни пратеници па барем на нас би требало, по мене да ни се даде дозвола да дискутираме во неограничено време, кое нормално нема да трае верувам повеќе од 15 до 20 минути, да си го кажеме нашето мислење.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Прво господинот Пановски како раководител на Парламентарната група се разбира има право да зборува 15 минути. Друго господинот Пановски ако ги почитува нормите што се донесени од овој Парламент, го молам барем толку пристојно да се однесува, да ги употребува називите на функциите коч стојат во Уставот и во Деловникот. Неговите лични

фрустрации се разбира се лична негова работа, тоа може секогаш тоа да го употреби, но ова е говорница на Парламентот и нека толку барем има дигнитет да ги почитува нормите за кои веројатни и сам дигнал рака.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Господинот Андов не за прв пат го злоупотребува местото каде што седи. и јас кога би имал микрофон покрај мене, цело време би коментирал. Затоа ве молам господине ако сакате реплика или било што, говорницата е тука, слободно искажете се. Јас бев конструктивен во мојот предлог. зошто овој предлог не го ставивте на гласање кога почна онаа мачна расправа, дозволивте два дена да се измачува цела македонска јавност, дозволивте секој да станува по четири по пет пати да зборува по половина час или по час. А ние значи што молчевме тука, што се обидувавме да бидеме конструктивни, сега сме оштетени.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Господинот Пановски сам бара да објаснам, а кога ќе објаснам потоа кажува дека ја злоупотребувам говорницата. Значи повторно сум принуден да објаснам. На господинот Пановски очигледно нешто основно не му е јасно во работата на Парламентот и Деловникот Кога се дискутира за дневниот ред не постои можност да правам било какви ограничувања или предлози на ограничување на дискусијата Затоа што секој кој еднаш зборел не може да знае кој предлози за дополнување на дневниот ред ќе ги даде, како ќе се обликува седницата, тој после него што зборува. А ние кога имаме точка на дневен ред, ограничувањата се можни, поради тоа што тогаш тие ограничувања се однесуваат заради тоа што прво точката е утврдена второ, материјал постои за точката и секој говорник може да си концепира излагање во рамките на времето кое се утврдува. Затоа и не бев во состојба да ограничам расправа по дневниот ред. Затоа не ја ограничив расправата. И мој приговор на господинот Пановски и забелешка беше не

беше зошто предлага да не се прифати ограничување. Мојот приговор беше што тој употребува изрази кој не стојат ниту во Уставот, ниту во деловникот и тоа не е злоупотреба, тоа е моја обврска да ги чувам институциите што ги гради токму овој Парламент.

Предлагам да му дозволиме на господинот Пановски сепак да зборува колку може и колку има потреба. Мислам дека тоа е прифатливо. Не би сакал дури и господинот Пановски да остане со впечаток дека му е оневозможено да зборува. Инаку има тој право да зборува 15 минути, затоа што е раководител на група. Меѓутоа, ако не е доволно ќе му допуштиме повеќе да зборува.

Ако може сега да го отвориме претресот и да направиме список на говорници.

**СИМЕОН ИВАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници јас по принцип за такви прашања не се јавувам, бидејќи тоа ниту ми е фах ниту познавање. Но од оваа пред малку дискусија излезе омашка прво на господинот Пановски дека рече за тоа што најголемата парламентарна група не е присутна во парламентот во тој случај не треба да ограничуваме дискусија. Ние ако се договориме да ги ограничуваме дискусиите, треба да ги ограничиме за сите, а ако не ги ограничуваме не треба да ги ограничуваме за сите. да не излезе дека ние само такви одлуки донесуваме кога е таа група присутна.

Второто што сакам да го кажам, ако на господинот Пановски му дозволуваме повеќе од 15 минути, предлагам на сите претставници на парламентарните групи и тие да не бидат ограничени и да бидеме тотално парламентарни. Значи ако претставниците на парламентарните групи не бидат ограничени, во кој спаѓа и господинот Пановски, а другите да бидат

ограничени до 10 минути, јас секој пат сум се залагал да ги ограничуваме дискусиите, и секој оној кој што сака да даде прилог кон материјалот, може во рамките од 10 минути да каже и многу, а оние кој сакаат да го замајуваат Собранието, да одлагаат и да прават одредени други маркетиншки потези, мислам дека нема место за ова.

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

Во оваа сала останаа само 5 пратеници, кој формално правно се опозиција во однос на сите останати кој влегоа во коалиција за оваа Влада. И нам ни се чини, мене лично, дека коалиционите партнери за состав на оваа Влада ги усогласиле своите ставови и во поглед на програмските определби на Владата. мене ме чуди што ново може да биде кажано од било кој пратеник што не е содржано во оваа Програма што мандатарот како заеднички кандидат ја кажа. Токму заради тоа сметам дека би било пожелно да се чуе мислењето на оние кој веќе се во официјалната опозиција, отколку што мисли претседателот дека ќе ја одолговлечувааат седницата. Нај на крај и без расправа и без претрес пратениците кој се во коалиција, можат едноставно да ја изгласаат Владата, без ни збор да кажат од оваа говорница. Никој во тоа не може да ги спречи.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имаме 19 пријавени учесници во расправата.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ:**

Почитувани пратеници, изложувајќи ја, како што самиот ја нарекува кратка програма мандаторот на Владата спрема мене дава воопштени точки за дејствување на Владата, без некои конкретни предлози за решенија врз чија основа би се определиле пратениците да гласаат за или против ново предложената Влада.

III/4

Јас би се задржал на некои од тие точки. Како прва точка беше спомната зачувувањето на мирот и стабилноста во Република Македонија. Се согласувам со констатацијата дека е ова едно од прашањата за кои постои широк консензус меѓу политичките партии и пошироко, и ако би рекол до вчера се тврдеше дека некој партии не се за тоа, па така им се импутираше со помош на некои соработници на безбедноста на бившата ЈНА, дури и создавање на паравоени формации во Република Македонија, а со цел да се прикаже дека само одре- дени политички субјекти се за мир и стабилност во Републиката, а ВМРО, т.е. националните партии сакаат војна. Верувам дека овие фабрикации ќе и бидат достапни на јавноста, во интерес на демократичноста и вистината, без разлика што контролата во Министерството за внатрешни работи ја имаат и ќе ја имаат токму членовите на партијата фундамент на таканаречениот лев блок. Но што се однесува мирот и неговото зачувуваше, за што верувам и ќе повторам се сите политички субјекти и граѓаните, би требало нашата Македонска Телевизија на некој начин да го прекрати емитувањето на морбидните снимки на искасапени тела на луѓе и тела на луѓе и деца од етничката војна во Босна и Херцеговина, или другите судири. Таквите снимки би требало да се прикажуваат после 23 часот, на некој начин да би имало мирна атмосфера во нашите домови и децата да се чувствуваат дека растат нормално. Вака се создава атмосфера на беспомошност, без перспективност, се уништува творечкиот дух на граѓаните и се осакатува нормалното созревање на децата. За та цел, за да се избегнат можните етнички меѓунационални па и верски недоразбирања, како што наведува мандаторот, јас имам малку поинакво мислење од него, требаше прво да се постигне општ македонски национален консензус за виталните прашања, за опстанок и развој на независната македонска држава, а потоа нормално и меѓунационален и државен консензус.

За жал такво македонско единство по одредени прашања не се постигна, пред се од недефинираната македонска национална политика на партиите произлезени од бившата единствена СКМ. Нивното скитање од федеративна опција за бившата Југославија до независна држава Македонија придонесе да не се постигне тој толку посакуван консензус. Можеби некој пратеници од тие партии ќе ми реплицираат во веќе познат стил за овие мој согледувања, но господа постојат многу пишани и снимени документи во последниве две години, така да секое негирање е беспредметно. Господ луѓето ги обдарил со паметење, без разлика колку да се крие вистината, секогаш излегува на виделина. Но нека не се занесуваат некои екстремни сили од албанска та националност дека членовите и симпатизерите на националните партии македонски ќе им дозволат да ја федерализираат , или откинат дел од македонската држава.

Што се однесува до втората точка, т.е. до поширокото меѓународно признаваше, што мандаторот на «некој начин го презентираше, ми падна во очи дека една од задачите на новата Влада ќе биде една поораганизирана и поагресивна надворешна политика, со засилена информативна дејност спрема меѓународните фактори. тоа е она што и јас како пратеник, а и партијата на која и припаѓам ВМРО-ДПМНЕ и некој независни пратеници при критикувањето на начинот на водењето на досегашната надворешна политика, го баравме, а овде ни се поставуваат прашања што мислиме со тоа поагресивно. Но ме радува што сепак ова наше добронамерно укажување е прифатено без задни мисли. Стабилизирањето на економските токови и елиминирање на опасноста од тотален колапс на стопанството , што Владата за која треба денеска да се гласа, го става како приоритет во своето дејствување е тоа што во овие услови на Република Македонија и е најпотребно. Затоа ме чуди како тоа ќе го постигнат ако се

знае дека одговорен за стабилизирање на стопанството ќе биде токму истиот потпретседател на Владата на која Влада Собранието и изгласа недоверба, а таа согласно Уставот си поднесе и оставка, беше одговорен за стабилизирање на стопанството и за оваа проблематика и досега. Така да за мене е малку лицемерно, ако еден експерт досега заедно со своите соработници не успеал, а свесни сме дека не успеал, за тоа што го покажуваат и многубројните штрајкови во последно време што се случуваат во Република Македонија, каде луѓето поттикнати од своите егистенционални потреби мораат да го користат и тоа загарантирано уставно право. Така да за мене е малку лицемерно ако еден «експерт досега заедно со своите соработници не успеал , а свесни сме дека не успеал, ќе биде повтор- но кандиран за таа функција. Проблематично е и тоа што дури и 7 досегашни министри се повторно кандидати за министри за новата Влада, па излегува дека тие министри на некој начин како досегашни експерти, или не биле експерти, или совесно си ги извршувале задолженијата, или пак на некој начин биле петата колона во досегашната Влада и работеле за нејзиното уривање, што и се случи.

Во овој период од година ипол се случија многу проблематични стечаи на претпријатија, како што се Македонија спорт, Елегант, сега може и Стакларница и да не ги набројувам, и многу други текстилни, трговски услужни организации и фирми. Проблематичноста е во тоа што вредноста на овие фирми десеткратно и повеќе од онаа вистинска вредност се намалува вештачки, не им се дозволува на овие фирми да стопанисуваат, ако би можеле за евтини пари да ги купат бившите нивни директори, поврзани со партиските олигархии на чедата на бившата СКМ. Во тој контекст и трансформацијата на општествениот капитал би се претворила во еден невиден грабеж, со издвојување, на сега веќе една новосоздадена класа на бивши и сегашни директори и нивни полтрони без пригодна и

вистинска финансиска поткрепа. Едно непримерно присвојување на капиталот. Во овој однос при општ диспаритет на односите на трудот во сите сфери и во материјалното производство и во општествените дејности, било во културата, образованието итн., свесни сме дека постои општ диспаритет и на вредностите на трудот и на човечките вредности.

Во изнесеното од господин Црвенковски во однос на досегашното функционирање на државата, почитување на правниот поредок итн., се извлечени следните размислувања (ќе цитирам)." Никогаш во историјата на оваа држава во таа мера не царувала незаконитоста изигрувањето на нормативната регулатива, не беснее криминал од секаков вид. Стопанскиот криминал, неплаќањето даноци и другите обврски према државата, шверцот и црната берза, се наше секојдневие. Митото и корупцијата се вгнездени, токму во оние институции кој треба да го штитат уставниот и правниот поредок”.

Јас со овие констатации господа наполно се согласувам. Но има за мене една би рекол, и недоследност и лицемерност. Кој е тој што треба превентивно и согласно законските овластувања да делува против корупцијата, митото, шверцот, криминалот од секаков вид итн. итн. Значи Министерството за внатрешни работи, а поконкретно министерот не си ја извршил својата задача. Наместо да се занимава со сузбивање на овие појави, министерот со своите соработници ја испраќаше полицијата да сузбива разни штрајкови на земјоделци или работници, па затоа ни се случија Куклиш, Радовиш и од други области Дувло, Велес итн. Сега при една таква констатација истиот министер господинот Љубомир Фрчковски е предложен за министер за внатрешни работи и во новата Влада. Дали е ова лицемерие или нешто друго.

III/8

Континуитетот на владеењето на одредени центри на моќ од извршениот државен удар во Македонија меѓу седми и "осми јануари 1945 година, па наваму, се гледа и во непотизмот пројавен во оваа Влада, што сега се предлага по системот од татко на син. Желбата за влас на сегашните коалициони партнери е разбирлива . И од аспект на желбата за власт на нивните партиски раководства како лично остварување и надградба во хиерархиското самобендисување. Ваквите благонадежни само поставувања ги слушаме повеќе од 48 ГОДИНЈ па затоа континуитетот на отфрлениот во светот комунистички систем во оваа нова Влада во Македонија продолжува.

Во однос на наведените кривични дела и други со закон утврдени казниви дела, затоа и Јавното обвинителство ставајќи се во служба на одредени партиски интереси . Индициите дека и оваа Влада за која треба денес да се изјасни парламентот е Влада на претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров, како што беше и старата Влада, се гледа дека во изјаснувањето на мандаторот дека за некои клучни министерства, т.е. Министерството за внатрешни работи одбраната итн., треба луѓе да предложи самиот претседател. Ова го повторувам, затоа што вистински се негира парламентарната демократија и се воспоставува авторитарен режим на една личност, како најголема инвестиција на мајката на левите партии СДСМ.

Не почитувањето на Уставот е уште еден специјалитет на оваа партија, па дури еден нивен правник си дозволува на нас обичните смртници да ни го негира правото да бидеме запознаени со одредбите на Македонскиот устав и останатата правна регулатива. Но доколку дотичниот мисли дека народот, обичните луѓе во кој се сметам и јас се неписмени,с е лаже и продавањето на неговата правна магла е беспредметно.

**СТОИЛЕ СТОЈКОВ**: (продолжение)

Во САД правната одбрана им е дозволена и на обичните граѓани ако се чувствуваат дека го познаваат својот Устав и својата правна регулатива со која толку многу се гордеат. Но, Америка е далеку, нели, а Македонија е сеуште во темнина.

Се надевам или можеби се лажам дека оваа коалициона Влада ќе се залага за почитуваше на демократијата па така одредени министри а повторно ќе го спомнам министерот за внатрешни работи и сега како кандидат и како стар министер и некои негови соработници нема да си го дозволат тој луксуз да толкуваат деловници на работните тела на Собранието или одредена законска регулатива во сферата на безбедноста како што тоа сега го прават преку средствата за јавно информирање со цел да ги прикријат своите неуставни и незаконски дејства негирајќи му го на Собранието неговите работни тела правото на политичка контрола и надзор на Владата согласно член 68 од Уставот на Република Македонија. Така многубројните афери што во последно време ја интригираа јавноста би биле обелоденети со помош на новинарите како совест на таа јавност. Секое партиско дисциплинирање на средствата за јавно информираше ќе им се врати како бумеранг најнапред како неможност за задоволување на голата егзистенција без разлика колку буџетски ќе бидат помагани, но како морално пропаѓање на поедини креатори на таквите медиуми.

Се сложувам дека демократијата не е анархија, но демократијата исто така ни автократија , не е тоталитаризам, не е диктатура и мислам на крај дека новите предвремени избори се неминовност кое еден ден и самите наши гласачи можеби ќе дојдат и пред ова Собрание и ќе го побараат.

IV/2

**ЏЕЛАДИН МУРАТИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа пратеници, јас наполно ја прифаќам програмата која ја претставуваше мандаторот за состав на новата Влада како програма која е воопштена и ги претставува генералните позиции врз кои треба да се заснова работата на нашата идна Влада. Секако не треба да се очекува дека со оваа Влада со оваа програма дека ќе се направи еден коперникарски пресврт, па до денеска беше црно, а од утре ќе стане бело. Но, континуитетот е тука и треба да помагаме сите за да може да се остварува програма која ќе може да ги претставува сите барања кои се изнесени и во овој Парламент овде.

Сепак би сакал да кажам неколку збора со цел да се дополни или да се имаат предвид во понатамошната операционализација и конкретизација на програмските активности и задачи на Владата. Многубројни проблеми и нелогичности се јавуваат во дејствувањето на демократските институции и демократската политика. Оттука течението на животот во Републиката претставува градење на една конзистентна програма заснована врз теоретски сознанија, но многу повеќе програмата да биде практична, прагматична која ќе нуди излезни решенија од кризата во која веќе и не прoследува во секој чекор. Таа криза и комплексна и опфаќа повеќе сегменти, економски, социјални, национални, меѓунационални, политички итн. Пред се прва точка на Програмата беше мирот која е основна определба за која сите се залагаме во овој Парламент. Затоа Владата која денес ја избираме треба пред се, да вложи огромни напори неповолните состојби кои се присутни и се манифестираат во реалното функционирање на економскиот систем да ги смири и насочува во пожелната цел. Дијагнозата за тоа е утврдена, а тоа е неадекватна и бавна операционализација на системските решенија. Затоа, потребно е критичка анализа на овие односи со конкретни и практични решенија.

IV/3

Сериозен проблем во Републиката претставува функционирањето на локалната самоуправа. Ова беше елаборирано и во самата програма. Оттука произлегува и потребата од комплексно и целосно решавање на овој проблем, а ова е особено значајно од причини што е блокирана функцијата на општинските собранија, за што постојат големи недоразбирања и правна празнина во нивното функционирање. Во современите услови кога ангажираноста на сите општествени фактори се насочени кон обезбедување на што подобри резултати, зголемување на продуктивноста на трудот, стабилизација на стопанството, намалување и отстранување на причините за социјални тензии во Републиката се судруваме со такви драматични социјални тензии, кај сите категории на граѓани. Како да отсуствуваше организиран пристап кон согледувањето на проблемите од оваа природа. Пред сите нас, а непосредно пред Владата стои примерна задача и со сета сериозност се наметнува проблемот од градење на конзистентен превентивен систем Социјалните тензии бараат поефикасно решавање . На пример не треба да дозволиме просветните работници и сите други да штрајкуваат заради драстичното нарушување на животниот стандард, заради несоодветни лични доходи, тоа е срам за општеството. Уште повеќе што е лошо што од притисокот се наоѓаат излезни решенија. Не треба да дозволиме да штрајкуваат просветните работници, не заради тоа што јас сум просветен работник и ги бранам нив. Многу е лесно да се штрајкува во едно производно претпријатие кое утре исто така ќе ствара само за себе и ќе се расправата сами со себе, многу е тешко да штрајкуваат просветните работници кога денеска или вчера почна наставата и треба да им објаснуваат зашто тие штрајкуваат, зошто не започнала наставата, а треба да воспитуваат млади поколенија, идни генерации спротивно на тоа

што самите го прават. Впрочем ова важи и за социјалната заштита, за здравството, за културата и за науката итн. Точно затоа се залагам за превентивно делување, а не после широките дискусии и расправи и закажан штрајк да се обезбедат и најдат средства. Значи, само по себе се поставува прашањето, дали во целокупните дејствувања на ова поле постои координирано дејствување на сите органи.

На крај, во Програмата на Владата треба многу сериозно аналитички и политички треба да му се посвети внимание на меѓу- националните односи. Овој сегмент се спомнува, но не во оној степен застапен . Сметам дека при конкретизацијата на Програмата ќе му се посвети доволно внимание. Зошто е ова потребно сите знаеме и нема потреба широко да се елаборира, во овој да го наречам свечен чин. Јас не сум овој проблем да се стави на дневен ред на Собранието, да се расправа за меѓунационалните односи , туку Владата односно соодветните министерства и институциите од Републиката непосредно да се занимаваат и придонесуваат меѓунационалните односи да биде на својата висина. Според тоа меѓунационалните односи зависат:

1. Законските решенија за што барам Владата да води исклучива сметка.

2. Од создавање клима за видно подобрување на уставната положба на албанците и другите националности.

3. Од создавање услови за соодветна застапеност на албанците на другите во органите и институциите.

4. Од елиминирање на причините и бариерите во нивното афирмирање и развој на националниот идентитет. Ова подразбира образование според уставот на мајчин јазик, а актуелно е во сегашниот

момент уписот на учениците од средното образование, уписот на студентите на Универзитетот, информирањето, културното творештво, вработеноста, застапеноста во министерствата итн. Верувам дека се вложени напори, а треба уште понатаму да се вложат максимални на- пори овие елементи проблеми кои ја претставуваат или ја сочинуваат меѓунационалната клима во Републиката да се елиминираат од дневниот ред.

Зошто ова го истакнав? Го истакнав со добронамерна цел т.е. да укажам на потребата од превентивно делување, да ги избегнеме меѓунационалните тензии. Од нивното решавање и правилно поставување зависи не само тоа дали ќе имаме стабилна Македонија која сите ја посакуваме туку и задоволство на граѓаните и нивна лојалност спрема државата, демократското однесување, а сето тоа оди во прилог на мирот што е и прва точка на програмата, а истовремено и афирмирањето на Македонија како демократска заедница и нејзиното меѓународно признавање. Затоа денес и во иднина се повеќе ќе се поставува потребата од сожителство, од демократски права, од код независност, зошто политичка реалност е дека Република Македонија е повеќе национална заедница, но како два основни столба се македонците и албанците. Гледано политички, социјален, национален и економски аспект сите ние треба потсвесно а посебно Владата има за задача правилно да ги постави сите мерки, односи, законски норми, решенија и сл. да обезбеди таков програмен систем кој комплетно и компетентно ќе ноже да одговори на потребите на сите граѓани на Републиката н а стопански, културен, политички и меѓу- национален развој.

За да се оствари ова Владата мора да биде кооперативна, флексибилна, толерантна, а ние да и помагаме секој поединечно и колективно во остварувањето на програмските цели и задачи.

IV/6

**ТОДОР ПЕТРОВ:**

На почетокот сакам да укажам на интервенцијата која што претседателот на Собранието на самиот почеток на седницата ја кажа Сметам дека самиот ги побркал и своите надлежности за што примената на резолуцијата 757 од Советот за безбедност на ОН е во делокруг на Владата, а не во надлежност на претседателот на Собранието. Кога на една седница имаше реакција од еден пратеник веднаш за демант се јави господинот потпретседател Бекир Жута. Ние пред десетина дена имавме можност да прочитаме во Нова Македонија една вест дека Европската заедница ги обвинува Романија, Грција и Македонија за кршење на ембаргото против Србија и Црна Гора Владата на тоа воопшто не реагираше и сега ако една таква констатација била кажана од оваа говорница демантот требаше да го даде премиерот или во негово отсуство еден од двајцата потпретседатели кои го носат континуитетот и на новата Влада а не претседателот на Собранието. Инаку, Владата должи на ова Собрание да му поднесе писмена информација за спроведувањето на резолуцијата 757 која од Владата е 41ио£.арана во писмена форма, а сеуште пратениците ја немаат добиено.

Моето излагање конечно и официјално од денес ќе биде од позиција на опозиција во овој Парламент, зошто конечно се дефинира коалицијата на власт и опозицијата во овој наш Парламент. Впрочем и поинаку не ќе можам да се однесувам бидејќи воопшто не ми беше ни понудено да влезам во коалицијата за состав на оваа нова Влада. Со самото тоа коалиционите партнери ме ставија самите во опозиција бидејќи изгледа не нашле ништо заедничко и сродно со моето политичко однесување и делување во овој Парламент. Иако е тоа нормално и нивно право што пак воопшто не ги намалува моите позиции како и досега активно да ги остварувам моите уставни права и обврски на пратеник бар додека сум со мандат на пратеник во овој Парламент.

Сакам да го образложам моето видување зошто сум против предлогот за состав на оваа Влада и зошто ќе гласам против предлогот на дневниот ред. Конечно енигмата СКМ - ПДП се разобличи, а господинот Киро Поповски се надевам нема да ми се налути може со чиста совест мирно да спие бидејќи развиените социјалистички сили во предвечерието на повеќе партиските парламентарни избори повторно се обединети и вплотени. Македонштината е спасена благодарение на монолитноста на ПДП-НДП, а бугарските сили конечно се диференцирани и се е подготвено за нивен отпор. Ловот може да почне само што никој не се надевал дека ловочуварите ќе ги разделуваат ловџиите, наместо ловџиите на маркираниот дивеч. И зошто го веданова? Зошто секој кој размислуваше и се залагаше за самостојна Македонија се прогласуваше за Бугарин, сценарио за евентуално припојување на самостојна Македонија кон соседна Бугарија. А во овој Парламент најупотребувани атрибути беа србоми и бугараши. Имајќи го во предвид историското наследство може и да не не чуди таквата категоризација. Никој ниту може некому да му забрани да биде србофил, бугарофил, албанофил итн. Меѓутоа, погубно за Македонија ќе биде моментот кога србоманите ќе станат срби, бугароманите бугари а гркоманите грци, зашто дури тогаш Македонија ќе ја нема од географската карта на Балканот. Затоа сакам да го нагласам посебно следното. Македонија се инаугурира како самостојна држава, СФРЈ е веќе минато свршено време за навек и сигурно има сили кои настојуваат, верувам водата мирува тие не, Македонија да ја приклучат кон една или кон друга држава во своето соседство. Тоа подземје делува и работи неуморно упорно во сите институции на системот па и овде. Меѓутоа секое дејство и активност насочени и превземени со цел било какво асоцирање на Македонија од било кого, на било чија страна независно на кој начин сака тоа да се изведе ќе предизвика по мое лично мислење внатрешна

дестабилизација и граѓанска војна во Македонија што ќе биде повод за нови балкански „војни бидејќи врховистичките сили  веднаш ќе побараат заштита од Атина, Белград, Софија, Тирана или Приштина. А тлото под нозете два метри подолу први ќе го изгубат токму челниците на таквите политиканства зашто сами ќе ги испродуцираат и предизвикаат таквите реакции во државата. Она што останува како единствена алтернатива и за оваа и за сите наредни влади е да ги оспособат сите институции на државата, да ги извршуваат функциите и надлежностите на самостојна држава каква што е и треба вечно да остане оваа наша држава Македонија Ни како хаос и беда кој можат да бидат и намерно предизвикани не треба кај никого да ја уништат желбата и определбата за државна самостојност на Македонија.

И ако нешто може да се експлоатира во Македонија за рубриката "Рипли" или "Верувале или не" тоа е повеќе од сигурно актуелната политичка состојба и чудните коалиции во борбата за власт и фотелја. Впрочем сега сосема јасно за тоа кој со кого во каква коалиција бил и дека за цело време на траењето на мандатот на оваа експертска Влада сме биле манипулирани дека се работи за непартиски личности, а всушност партиски обоени и определени. За мене е сфатливо коалиција да прават партии со сродни политички програми, но несфатливо е коалиција што се нуди сега за што јас лично не можам да ја пронајдам сродноста во нивните политички програми. Зарем е сродна партија на СДС партија која се залага за федерализација на државата, која ги прекрши и крши толку пати досега нормите на правната држава и не е проблемот дали ќе ги има или ќе ги нема албанците во Владата. Ги имало и ќе ги има. Проблемот е во политичката платформа на коалициониот партнер ПДП-НДП, од чии позиции своето однесување го градат и кандидатите за министерските места од овие партии. За мене лично ниту било, ниту пак ќе биде ПДП

репрезен на албанците во Македонија колку нејзините челници јасно и гласно да го кажуваат. Пријателите македонци албанци, турци, власи и роми сам сум ги избирал од секогаш па и натаму сам ќе ги избирам. ПДП не може да ни дели лекции кои албанци се оние вистинските за да морат тие да дадат мислење и предлог дали некој албанец ќе се најде на некоја одговорна функција во државата или не. Исто како што не можам да ја прифатам ни логиката било која друга партија да ми диктира кој е вистинскиот македонец или не во оваа држава. Никој не озакони сите албанци да бидат во ПДП и никој пат ПДП н еможе да забрани на ниту еден албанец да биде член на било која друга политичка партија. Затоа, нека челниците на ПДП не користат со слоганот ние сме претставници на албанците, а истовремено гетоизирајќи го и изолирајќи го од сето останато во оваа држава. Проблемот е во тоа што ПДП изгради и гради паралелна власт во државата, а дека таа постои доказ е сеуште полутајните разговори на "Македонското раководство со претставниците на албанците" и би . поставил едно прашање во контекст на ова со кој албанци и во чие име, со кој мандат, ако и самиот колега Неим Селмани каже дека ако се прифати законот за државјанството со оној член кој беше прифатен без нивното присуство 70% од албанците во Македонија ќе добијат статус на бегалци, а нека се знае нека бидат сами чесни некои пратеници од ПДП па нека кажат пред јавноста во Македонија дали веќе некои од нив немаат и албанско државјанство, а седат во овие пратенички клупи.

Вреди во оваа прилика да се спомне и фактот дека при пописот во 1981 година, забележана е огромна флуктуација на албанско население од Косово во Македонија, а пописот е правен без лични карти. Од страна на заводот за статистика на Македонија испратен е демарш до Републичката пописна комисија чиј претседател Хисан Рамадани истиот го одбива и не

случајно пописот во 1991 година од ПДП-НДП е бојкотиран за да не се откријат вистинските состојби со таканаречениот "албански фактор во Македонија".

V/1 СС/ПН

**ТОДОР ПЕТРОВ**: (Продолжение)

Зарем не е демагогија да се гради за правна држава а партијата ПДП-НДП надвор од сите норми на правната држава да гради паралелен див образовен систем, сличен со оној на Косово. Во месните заедници во Тетово, Гостивар, Дебар, во населените места со Албанци се формираат избори, нова власт, а за тоа никој од државата не реагира. Дивоградбите никнуваат преку ноќ, а земјата во Полог скоро 70-80% е купена со фиктивни договори од косовари. зарем не е симптоматично тогаш зошто Министерството за финансии каде се имотно - правнтие односи е толку примамливо место.

Под политизацијата и албанизацијата на исламот и барањето за меѓу конфесионален консензус стана имиџ на партијата ПДП-НДП-

Денационализаторската политика врз македонците со исламска вероисполест добива карактер на рак - рана во македонското ткиво. И, зарем заборавиме дека и Уставниот суд ги прогласи за противуставни одредени делови од Програмата на НДП. Зарем и со таква партија СДС, Реформистите и социјалистите ќе го градат уставниот поредок на самостојна Македонија.

Некои говорници ги заболе и устата и грлото викајќи ако не се избере оваа нова влада ќе настане хаос во државата. А што сите ние како пратеници направивме да не дојде до тој хаос? Законот за престанок на важноста на продажбата на општествениот капитал преку интерните акции ние самите го одбивме уште лани во мај јуни. Со Уставот не воведовме никаква институција за заштита на општествената сопственост, макар во периодот до целосната приватизација која требаше да се одвива нормално со ред и одредени правила. И сега, наместо заштита на општествениот

капитал во фабричките кругови за заштита на раководните манипулативно - бирократски структури праќање кордони полицајци а против работниците чие место е обезбедено на улица.

Зарем] тоа е логиката на социјалната правда односно демагогијата на оваа филозофија. Ние, во овој Парламент добивме околу 40-тина закони кои во процедура 1-2 месеци воопшто не сме ги разгледале. Системските закони воопшто не сме ги донеле токму заради тоа што ПДП-НДП апстинира од учеството во работата на ова Собрание.

И, нешто конкретно сакам да кажам за кандидатите, барем за оние кои ги знам.

Неприфатливо е г-динот Фрчковски да се најде во новиот состав, имајќи предвид дека за мене тој до сега не беше министер за внатрешни работи на Македонија. Жалам што не побарав поименично гласање при неговиот прв избор, затоа што верував дека тогаш не ќе го добиеше потребното мнозинство. Со неговото однесување при разгледување на законот за државјанство, повеќе се претстави како министер за иселенички прашања на Косово, отколку како министер за внатрешни работи на Македонија. Македонија е преплавена со бегалци од Босна и Косово за кои МВР нема точни податоци, а не ги презеде мерките согласно меѓународните конвенции за беглаци.

Увезените политички партии слободно го користат исламот за политички цели и никој не ги вознемирува во остварување на таа цел. Во Македонија востановуваат некаква муслиманска нација за да ги задоволат своите политички цели, по што самите тие ќе им го свртат грбот и на исламот и на муслиманите.

Стопанскиот криминал цвета, црните берзи и сивата економија исто така. Се случуваат убиства, самоубиства, кражби без број, прислушување на телефони и за тоа МВР до сега немаше одговор. Веќе јавна тајна е дека во МВР се што е национално се чисти.

Што се однесува до г-динот Денко Малевски се прашувам каде е неговиот морал кога на 43-та седница од 1 јули 1992 година од оваа иста говорница ни се обрати со зборовите - Не не признаа, е, па што, и поднесов оставка во знак на протест против одлуката на ЕЗ со која на Македонија и е нанесена голема неправда. Затоа е потребен нов човек на ова место кој ќе ја продолжи борбата за демократските вредности на оваа Европа. И, за кои никогаш Не се демантирани квалификациите искажани од оваа говорница, дека е сентиментално врзан за југословенството со кое растел и заедништвото во кое се разбивал и дека неколкупати јавно декларирал дека е за сојуз на суверени држави, но самостојност на Македонија само без него. Дека треба да се прифати компромис за името на државата итн. Или, колку пати до сега како пратеници, ако ништо друго, барем информативно сме биле запознати со документи од меѓународните конференции на кои што учествува и Македонија. За документите од Лондон читаме од весниците. Самитот на неврзаните го пропуштивме каде имавме можност да се преставиме и презентираме пред 120 држави од светот кои што треба да решаваат задутре или било кога по нашето барање за прием во ОН.

Понатаму, приемот на нотата за признавање од Русија и многу други случаи.

За кандидатот Антонио Пешев можам да го кажам само следното, жалам што новоформираната комора на приватниот капитал чиј

претседател е тој со оваа негова кандидатура е повлечена во партиски води на дневната политика за да СДС се претстави како заштитник на приватните стопанственици од една страна, а од друга страна да ја штити општествената сопственост со паролата дека работничките синдикати природно им припаѓаат ним. Каква демагогија? Што би кажале на тоа реформистите кои исто така претендираат да се преставаат како партија на крупниот и приватен капитал.

Ако се имало предвид дека СДС го крчми имотот на СКМ тогаш може да се претпостави каков ќе биде нивниот став за заштита на општествената сопственост, освен ако не бидеме сведоци се надевам примопредавањето на тој народен имот да биде до ист потпис на примачот и давачот за да кабинет на новиот премиер биде кабинетот на стариот претседател на СДС.

И, на крајот, неколку забелешки за наводи што беа кажани од оваа говорница а беа неточни.

Точно се иселени Турци и Албанци од Македонија. Но, никој не е оштетен, како што никој насилна ниту бил избркан од Македонија. Во 1954 година меѓу поранешна Југославија и Турција е склучен договор според кој се префрлени 20 милиони долари за Турција од Југославија, од продажбата на македонскиот тутун, заради исплата на оштета на сите иселени Турци од Македонија. Имотите што им останаа во Македонија се наплатени во Турција. Друго е прашањето кое треба да се актуализира и преиспита, бидејќи книгите сеуште постојат што одделни корумпирани, продадени македонски души од власта .после тоа тие имоти ги продаваа во сопственост на Албанци и Исламската верска заедница, како што е откупена и искрчмена цела скопска стара чаршија, а парите завршиле во нечии приватни џебов.

Што се однесува до излагањето на г-динот Исмет Рамадани кој ни навести одделно сценарио, во стилот што би било ако би било, јас би го додал само следново:

Замислете кога би било така како што би било она што го кажа г-динот Рамадани и епилогот на сценариото да заврши со фотографии на авторите на тоа сценарио во дневниот печат, но зад решетки. Зашто друго место за нив и како прекршители на уставно утврдениот поредок во оваа Македонија ќе нема.

А, за тоа што беше кажано може да се даде само коментарот дека македонскиот народ конечно доби самостојна држава и никој веќе со ништо не може да го плаши и исплаши, ниту непријателите од надвор, а уште помалку тие од внатре. Ние долго време, 45 години живеевме со еден слоган, живееме како да 10 0 години ќе биде мир, а се подготвуваме како да утре ќе има војна. Ако некои ја провоцираат војната можеби и ќе ја добијат, но со трагичен крај по нив.

На крајот да. потсетам уважените колеги пратеници од СДС, РС - Либерална партија, Социјалистичката партија и ПЦЕР, 41-та незавршена седница ја одлагавме 5 месеци заради неучество во работа на ова Собрание на пратениците од коалицијата ПДП-НДП. Оваа седница многу брзо прифативме да се одржи токму пред присуство на една друга пратеничка група.

Мандаторот сепак, на крајот должи образложение која е цената што коалиционите партнери во името на државата ќе ја платат коалицијата со ПДП-НДП.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Има збор Киро Поповски.

**КИРО ПОПОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитуван претседателе на Републиката, почитувани народни пратеници.

За прв пат, не само во оваа куса парламентарна демократија и практика туку од своето постоење Собранието на РМ во еден ист мандат ќе треба да се определи повторно за избор на нова Влада. Неспорно, таква одлука е важна и одговорна, особено денес во се посложените состојби во Републиката. И, очигледно, граѓаните оценуваат дека ова време е опасно и полно со ризици, неизвесно заради евентуални воени застрашувања, и затоа со загриженост го следи изборот на Владата. Каков потенцијал ќе има таа, за да се соочи со проблемите.

Затоа, иако во парламентарните системи промените на владите се честа појава, кај нас ова се следи со посебен сензибилитет и вознемиреност. Но, вознемиреноста порасна и заради текот на оваа седница што веројатно ќе се согласите се настојува веќе од првите дискутанти и на денешнава седница таа тензија и натаму да се одржи и продолжи. Зошто, признавам, скоро сум немоќен да ги разобличам до крај причините за оваа парламентарна ерозија што се случува овие два дена. Нови прилози веќе во почетокот на оваа седница добивме.

Секоја партија, а имам впечаток и поедини независни пратеници не заостануваат тука,. некоја повеќе, некоја помалку, настапуваат дека се може и се знаат. Секоја партија дека го има клучот на секој проблем во Републикава. Дека е секоја заслужна за се што е направено позитивно во Републикава, а дека сите други партии се криви за она што е негативно направено. Секоја не убедува  во својата мудрост и способност. Доколку

таа се слуша се ќе биде во ред. И од се произлегува дека треба всушност да бидеме среќни. Имаме избор, било која партија да дојде на власт ќе ја покаже својата способност бидејќи нема да биде оптоварувана со грешките до другите партии.

Но, се поставува прашањето како ако се способни за се, не се способни да соработуваат. А тие, ќе се согласите, тоа повеќе пати парламентарната демократија посебно го потврдила што не кооперираат разумно и аргументирано и не се спремни за соработка, дека парламентарната демократија низ историјата многу пати покажува дека не се дораснати за демократија.

Заради впечатливост за ова што го говорам, да потсетам дека само автократите сами владеат, за да веруваат дека се знаат, не трпат туку мислење, не соработуваат со некој мудар и паметен. Зарем отсуството на дел од пратеници или парламентарни групи, манирот на одделни пратеници да одржи говор, земе ташната, како што претходно еден од пратениците ја напушти сала а, не го потврдува тоа? Бидејќи, соработка и дијалог може да се води во овие парламентарни клупи, а не на улица. Не со еднострано напуштање на седница и политички демонстрации. Затоа, си го поставувам прашањето, посматрано од аголот на ова гледаше, нашите партии на кого личат? На демократски или автократски? Или пак мислиме со напад на другите партии ќе го заведеме народот дека другите за се се криви, прикривајќи ја нашата неспособниот, ефикасно да одлучуваме и ги решаваме проблемите.

Ако беше и во функција на партиски промоции, што би рекол почитуваниот пратеник Љубисав Иванов се претера овие три дена. Бидејќи,

меѓупартиските конфронтации на оваа седница го достигнаа нивото на кое веќе се руши авторитетот и угледот и се оспорува легитимитетот на нашата држава во која сите се колнеме и за која се определуваме.

И, би ве потсетил за овие два дена изнесуваат аргументи со кои најчесто се заменуваат тези: одбивањето да се учествува во коалиционата влада се нарекува исфрлање од власта, несогласувањето на избор на нова влада, се заменува со предлог малку или повеќе да се гласа повторно за доверба на владата на која и е изгласана недоверба од скоро целиот состав на овој Парламент и која поради тоа поднесе, оставка. За таа оставка гласале и тие кои сега повторно тоа прашање. го покренуваат. А, сето тоа се прави во Собрание во кое ни една партија нема мнозинство и во која решението единствено може да биде создаваше на коалициона влада. Затоа го отфрлам како хипотека на овој избор се она што другите ги омаловажува, сите напади и самовеличење, оптужби на други за сопствени грешки. Впрочем граѓаните ја следат седницата и ќе вида чиј аргументи се порелевантни и побитни.

Меѓутоа, треба да се признае дека за сето ова придонесе целиот тек на процедурата за избор на влада. Било како било новиот мандатар предлага политичка коалициона влада врз широка основа како можно решение и како реален израз на позицијата на политичките партии во ова Собрание. Ќе се сложите дека формирањето на коалициона влада, не само во нашата практика, како политички процес е мошне сложен, како во составувањето, а уште повеќе во обезбедувањето на стабилноста и хомогеноста на Владата врз усогласена и јасна програмска определеност. Во овој процес секој коалиционен партнер ја покажува својата демократска вредност преку способноста да соработува.

Поаѓајќи од тежината на овие времиња во кои живееме сметам дека вклучувањето, а ова нека го чујат и тие што не се во салата, претпоставувам дека се покрај телевизорите, сметам дека вклучувањето на секој граѓанин и посебно на политичките партии во овој политички процес на разрешувањето на сложените состојби претставува денес пред се патриотски однос. Затоа, Социјалистичката партија на Македонија верувам и сите други пар-тии, стапувањето во коалицијата го прифатија не само како политички однос и одговорност спрема овие избирачи туку пред се како морална обврска кон сопствениот народ и државата.

Затоа, за нас е сосема очекувано што мандатарот во своето експозе за состав на новата македонска влада и за темелните и глобалните одредници на идната програма на владата тргна пред се од донесените политички и уставно - правни акти од ова Собрание што имаат историско значење за конституирањето на Македонија како самостојна и независна држава од вредносните принципи на демократското општество и пазарната економија од развојот на економскиот и политичкиот плурализам, нагласувајќи ја потребата за пошироко меѓународно признавање на државата. Со тоа јасно мандаторот го изрази своето и определувањето на идната влада за прифаќање на одлуките на македонскиот парламент и почитување на неговите остварени позитивни резултати. Секако, за нас социјалистите посебен прилог во оваа дискусија што сакаме да дадеме со заложбата во оваа глобална програма мандаторот мора да вклучи јасна и разработена социјална програма. Да се запре социјалната беда и подобрување на стандардот што секако без реформски зафати не може да биде и остварено. Но, но и сегашните започнати реформски промени, тешко

ќе можат да се осмислат без сериозно осмислена социјална програма од страна на државата.

Во своето експозе истакнувајќи ја универзалноста на причините за стагнација во развојот мандаторот ја потенцира и спремноста за прифаќање на започнатите радикални промени со цел изградба на еден нов современ економски, политички и правен систем. Според нас, тоа се вредносни определби на пазарно ориентиран пристап за кој се определува и мандаторот во името на Владата. Во исто време како и секој човек на оваа држава, секако е свесен за тешкотиите и последиците што ги остави долготрајната криза, за опасниот вртлог на инфлацијата и масовното осиромашување на граѓаните и пред се дека ова е време на важни политички и државни одлуки. Но, секако со емоции колку и да се силни кризата не може да се реши. Туку, со смислена национална програма од која треба да произлезат и конкретни програми како тековни задачи и обврски на новата влада.

Затоа, по наша оценка и понудениот пристап е реален. Оценуваме дека не недостасува и потребниот оптимизам што верувам дека постојано ќе биде присутен кај членовите на оваа влада во вид на еден елан и самопрегорност во работата.

Почитувани пратеници, неспорно изборот на владата во овој момент е тешка и сложена работа. Би повторил дека не постои таков избор кој може да ги задоволи сите критериуми од страна на секој поединец. Не ќе може ниту овој избор сите подеднакво да не задоволи. Но, имајќи ја предвид големината на влијанието на одделните партии при изборот на членовите на Владата и мандаторот ќе ја оценуваме и големината на одговорноста.

**КИРО ПОПОВСКИ**: (Продолжение)

Меѓутоа, мора да потенцирам дека вистинска претпоставка за успешно функционирање на оваа коалициона Влада е успешното обезбедување на меѓусебната доверба на партиите во коалицијата.

Исто така, ова посебно го нагласувам, верувам дека трајно сложните состојби во републиката и опасностите кои се сеуште присутни во Републиката ќе бидат причина Владата да добие поддршка и од партиите кои не пристапија во коалицијата, затоа што интересите на државата и разрешувањето на егзистенционалните потреби апсурдно е да се поврзуваат понатаму или да се заменуваат со дневни потреби или тесни партиски интереси. Сакам да верувам дека ниту мандаторот, ниту партиите кои стекнаа одредена предност не ја оценуваат таа како некоја извојувана победа бидејќи тие дури отсега ќе бидат оценувани на извршувањето на покрупните задачи во иднина и чекорите кои ќе ги прават. Мандаторот ако изгради прави критериуми за избор и адекватен пристап нема да може да се раководи од парцијалните партиски интереси. За нас социјалистите е битно Владата да биде спремна за дијалог и за работа. За знаење и ум, за кадри и експерти а со тоа и за отвореноста на сите партии во парламентот, но и партиите надвор од него. Треба да се соберат сите сили и сите да помогнат на Владата да направи исчекор од оваа тешка состојба. Врз овие уверувања ја темелевме и определбата на нашата парламентарна група и на социјалистичката партија за поддршка на составот и програмата што мандаторот ја изнесе денес од името на Владата пред Собранието на Република Македонија.

**ШАБАН ПРЕВАЛА:**

Почитувано претседателство, почитуван претседател на Републиката, почитувани колеги, јас програмата што ја нуди новата Влада ја сфаќам предлог како платформа за делување на новата Влада.

VI/2.-

Прилика е денеска ние со нашите размислувања да помогнеме таа програма евентуално да се збогати, дополни. Инаку, вчера мислам дека имавме прилика нашироко да се задржиме на нашите видувања во однос на состојбите, односите, проблемите, па и целисходноста за поставување на дневен ред прашањето на избор на нова Влада.

Јас мислам и во таа смисла сакам да бидам практичен и краток во излагањето, да укажам на она што би било добро да се опфати со програмата, што можеби директно не е опфатено. Но, уште еднаш ќе подвлечам дека оваа програма треба да се сфати како плат- форма на Владата која треба да ги обедини сите министри предложени од разните партии кај нас, не од коалицијата, јас би рекол. Ние зборуваме за коалиција, а не постои званична коалиција. Постои само договор меѓу партии што сакале да состават нова Влада, а другите што тоа го одбиле, во случајот тоа треба да се сфати како нив- ни проблем. Бидејќи одредените партии се согласиле и ни предлагаат таква Влада ние можеме да разговараме за таквата Влада и платформата односно програмата што ја нуди таа влада.

Програмата, бидејќи се носи од Влада која што треба да го продолжи континуитетот нормално во свој стил во текот на овој мандат и на Собранието, мислам дека со право тргнува од тоа што на некој начин е остварено или се состојби во нашето битисување. Оттука можеби програмата изобилува со констатации што малку личат како на биланс на состојба но мислам дека тоа не е проблем. Впрочем, тоа треба да се знае од каде се поаѓа и кон што треба да се оди. Можеби требаше малку повеќе да има од второто, кон што треба да се оди. Визијата на новата Влада. Тоа што е искажана како пунктови мислам дека заслужува внимание заради што суштината и на нашето делување во наредниот пократок или подолг период треба да биде тоа. Меѓутоа, сепак според мое мислење, со оглед дека

VI/3.-

навистина некои прашања мора да бидат секогаш дежурна тема во активноста на Владата, па и парламентот кој што на некој начин ги заокружува или ги финализира предлозите на Владата, дава виза на таквите предлози, како закон итн., јас мислам дека ние мораме со оглед на тоа што сега како Република претставуваме самостојна и суверена земја и држава, а и демократска мислам дека ние претставуваме и своевиден самостоен систем што не беше случај преку една година, така да кажам. Оттука, можеби и оправдано се поставува прашањето од потребата некои прашања да ги регулираме како прашања и како визии на еден самостоен систем што се врти околу себе, но што треба да се врти и околу другите системи што го заокружуваат овој систем за воспоставување на т.н. интеракции.

Јас мислам дека неизбежна е потребата и идната Влада на Македонија како своевиден совет на мудри, како што со право во некои земји ги нарекуваат Владите, ќе мора освен пунктовите што се изложени во оваа платформа на Владата секогаш да води сметка или да направи максимум во погдард на натамошното унапредување на рамноправноста и меѓунационалните односи. Заради тоа јас предлагам во еден од пунктовите да биде тоа, затоа што без рамноправност, унапредена рамноправност и меѓунационални односи ние не можеме да имаме вистинско задоволство, вистински мир, би имале секогаш незадоволство итн.

Понатаму, овие две години, колку што се движиме во клупите на овој парламент мене ми го привлекува вниманието проблемот на резервите и недоволната ефикасност на овие подрачја на нашиот живот Здравството и образованието. Јас мислам дека време^оваа^; Влада, ако не Владата што си оди, барем Владата што доаѓа, треба да пристапи малку посериозно со една анализа за изнаоѓање на сите резерви и да предложи можни патишта за поголема ефикасност во областа на здравството и образованието. Имам

сознание дека имаме во здравството кадровски резерви, просторни резерви, резерви во опрема во смисла на не искористувањето, а и во образованието, резерви во простор поради помалиот број ученици, па оттука и неискористени наставници итн. Затоа велам осмата точка во програмата на Владата би требало да биде проблемот на преиспитување на состојбите во здравството и образованието со цел елиминирање на резервите и подобруваше на ефикасноста.

Моето внимание го привлече и делот што се однесува за стабилизирање на економските текови. Јас мислам дек добро е тоа како што е изнесено, со сите тие состојби и односи, но во делот каде што станува збор, страница 12, би рекол како приоритетни задачи да биде нагласено "...од сето претходно изнесено Владата би се погрижила пред се за водење на развојна и стабилизациона економска политика". Задоволувањето со една статика и конзервирањето на состојбите во кои сме ќе биде тоа резултат, во секој случај. Тоа ќе значи стопирање на негативните трендови, меѓутоа, нема да имаме можност да ги решиме проблемите. Затоа јас би рекол сепак таа развојна компонента ако не повеќе, барем како цел да ја имаме тука а во операционализирањето преку изнаоѓање, ако имаме можности, снаги, ако не признае светот преку обезбедување на дополнителна акумулација да овозможиме ако може одлепување од онаа состојба во која сме и правење на еден чекор понапред со цел на обезбедување потребни средства за развој и на надградбата.

Исто така бидејќи ние станавме самостоен систем како самостојна и суверена држава време е ние конечно да определиме стратегија на развој. Нешто што  досега не успеавме, затоа што без стратегија на развој ние ќе се движиме без некоја ориентација. Бидејќи во услови додека бевме со нашите поранешни југословенски републики имавме една стратегија во која

се вклопувавме, сега ние оправда- но во таа стратегија не се вклопуваме. Секоја држава си има своја политика, па затоа и ние како република ни се наметнува очигледно потребата од изградување на сопствена стратегија на развојот со цел поуспешно делуваше и како самостоен систем во еден балкански и европски систем.

Исто така, во рамките на приоритетните задачи јас се залагам за тоа да сепак ние со цел остварување на политиката за разномерен развој, нешто што е и уставна обврска и гаранција да стои дефинирање на политиката на побрз развој на недоволно развиените краишта. Јас мислам дека нема потреба да објаснувам што значи тоа освен усогласениот развој, има и друга компонента мошне важна за една демократска држава со национално мешано население од кои развој се очекуваат и секундарни ефекти меѓу другото и во обласа на демографската политика.

Конечно, една мала забелешка на страница 11, третиот пасус наместо "како резултат на ваквите состојби и тенденции во стопанството произлегоа и неповолната, речиси катастрофална состојба", да стои "како последица на ваквите состојби", затоа што негативните работи можат да бидат само последици.

**ДИМИТАР ПОПОВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дами и господа.

Веднаш да кажам дека на прифаќам предложената програма на мандаторот,господин Бранко Црвенковски и притоа нема никакви забелешки ниту дополни на основните програмски задачи кои се набележани како идно поле на делување на новата Влада. Меѓутоа, се поставува прашањето како тие да се реализираат и оживотворат. Тоа е

сигурно потешкиот пат и очекувам дека тоа новата Влада ќе успее да го реализира.

Немам забелешки и го прифаќам предлогот на составот на Владата. Притоа, се надевам дека сите предложени кандидати се свесни за исклучително тешкиот миг во кој го прифаќаат овој мандат и затоа нема да бидам изненаден и очекувам доколку после извесно време дојде до сознание дека не се во состојба и не се во можност да ја обавуваат таа функција достоинствено да се повлечат од тоа место.

Посакувам и очекувам што е можно побрзо новата Владата да овозможи нашите мајки, сопруги и ќерки да имат можност да обезбедат не по една туку по две машини за перење. Мислам дека ќе бидете успешна Влада доколку успеете што е можно поскоро да исчезнат непрегледните редици на патнички празни возила што стојат пред бензинските пумпи. Ќе бидете успешни доколку успеете да не мислите само за доброто на своето потесно семејство зошто сега вашето семејство се два милиони граѓани на Македонија кои очекуваат посреќни и порадосни денови на живеење.

Искрено ви пожелувам успешна и среќна работа.

**ТОДОСИЕ ПАУНОВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, дами и господа.

Денес мислам дека Собранието на Република Македонија има една од многу важните, битна задача која што треба донесе решение за Влада на Република Македонија.

Мислам дека оваа Влада, составот на Владата немам забелешка, а имам забелешка што некои партиски организации не учествуваат во Владата, што по мои сфаќања требаше да учествуваат и овие кои што

немаат претставници во извршната власт на Македонија. Мислам дека со тоа ќе создадеме едно единство за решавање на државните прашања на Македонија, народот што очекува од нас како пратеници. Ние не дојдовме овде два дена да разговараме за нешто што не е ставено на дневен ред. Мислам дека треба по утврдување на дневниот ред да почне расправата и дискусијата и да ги намалиме оние непотребни дискусии и оние кои што ги знаевме од порано од самото формирање на собранието, па до денес, ни се кажува истото, а не преземаме клучни решенија кои очекува народот да бидат донесени.

Оваа влада, како и поранешната Владата, поранешната Владата имаше исто така огромни,:тешки задачи кои што во услови на војна во услови на непризнаени, во услови кога имавме и други органи и организации, кои функционираа во Македонија, меѓутоа благодарение на претседателот на Републиката, претседателот на Собранието и Владата, посебно министрите за народна одбрана и внатрешни работи успеавме без некои поголеми тешкотии, односно, без куршум, без жертви да ја добиеја слободата македонска и да формираме таква држава што јас сметам сепак угледна на Балканот, заради тоа што сите овие решенија кои требаше се преземаа на време. Не би можел да речам за старата Влада дека не ги сакаше решенијата да бидат брзи и ефикасно особено за министерот за надворешни работи за тој мислам дека работата со успех ја вршеше според оценка на граѓаните од мојата избор на единица. Но, денеска кога програмата ја дава мандаторот потполно се согласувам со програмата меѓутоа, таа програма мора да иде на доработка, разработка и конкретни решенија, предлози за разрешување на номиналните проблеми кои ги има Македонија. Имено, како да се спротивстави и како да ги реши ниските лични доходи во услови на пазарно стопанство. Се договоривме дека од

тоа отстапување нема, меѓутоа, решенијата за пазарното стопанство не можеме сеуште да ги изградиме и донесеме и да ги спроведеме како такви решенија.

Како и на кој начин ќе се реши технолошкиот вишок во стопанството. Сигурно социјалата ќе се зголемува и натаму. Не треба да дозволиме, не треба Владата да дозволи. Мораме да изнаоѓаме решенија.

Исто така, големиот број, кој беше спомнат и во програмата, на невработени особено стручни кадри со средно и високо образование Како и на кој начин тие да се вработат. Сигурно одговорот е во пазарно стопанство треба да се снаоѓаат секој кој завршил, меѓутоа од договор на економија во пазарно стопанство многу тешко се изнаоѓаат тие решенија". Зошто сеуште ги немаме -донесено потребните регулативи, закони и упатства кои треба да се спроведат. Сеуште се служиме со стари закони и упатства кои не одговараат на пазарното стопанство. Значи, тука треба оваа регулатива брзо и ефикасно да се разреши и тогаш ми се чини дека во однос на вработувањето ќе се изнајдат можности за искористувањето на постојните капацитети со кои располага Македонија, но за тоа сигурно ќе треба програми.

**ТОДОСИЈЕ ПАУНОВ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Почнувајќи од земјоделството, неискористеноста во земјоделството, да се вратиме на 1949 година која земја била обработена, да видиме сега колку земја имаме необработена. Треба да има програма за обработување на земјоделските површини.

Понатаму што и колку направивме, дали имаме место и услови за сточарството. Да видиме колку сме имале добиток 1949 година, а колку денес. Програмите мора да бидат свртени кон сточарството, доста беше увоз на месо, млеко и млечни производи и ние мораме да создадеме храна за нашите сопствени граѓани од нашата Република кога веќе имаме таква клима, сонце и вода и треба и човечкиот труд да биде онака адекватно искористен спрема можностите, па сигурно резултатите ќе бидат многу поголеми.

Понатаму, во каква состојба се наоѓа образованието и здравството. Мислам дека треба брза и ефикасна тотална реформа и програма. Мораме да школуваме кадри за стопанството, не може- ме веќе да школуваме кадри за Заедницата за вработување, односно Заводот за вработување• Мораме да имаме програма. Некој ќе каже дека во капиталистичко општество во пазарното стопанство нема програми. Тоа не е точно. Програма мора да има, без програма нема просперитет, особено кога преминуваме од договорна кон пазарна економија.

Ист е случајот и со здравството и тука мора да има тотална реформа и мора да се преземат онакви мерки какви што треба за нашите граѓани.

Понатаму, кога се наоѓаме во затворено пазарно стопанство мораме да ги бараме, особено при блокада на Србија и Црна Гора, пазарите и решенијата, да се помогне на стопанството заради обезбедување на пазар. Мислам дека производителите во  стопанството, работниците не се виновни

за затворениот пазар, сигурно не е и Собранието, но проблемот мора да се реши, мора да се бара брзо и ефикасно решение, а тоа ќе можеме да го постигнеме ако сите партии се согласиме, ако бидеме единствени во решавањето на државните работи заеднички кои ги имаме.

Исто така, незнам како ќе се реши и барам да се реши програмски и закон за гаранција на девизните штедни влогови и на динарските влогови, по брз и ефикасен пат да се донесе и програма, а воедно и закон на граѓаните да им се гарантира нивната сопственост. Не можеме да дозволиме во правна држава да не им се гарантира оној имот кој го имаат спечалено граѓаните, особено .ва. странство кој е пренесен за да помогнат за развојот на Македонија а денес да не можат да ги повратат средствата. Гаранцијата мора да биде што побрзо дадена.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господине Паунов, јас се извинувам што ве прекинувам, но молам да ја привршите вашата дискусија бидејќи времето изми- на.

**ТЕОДОСИЈЕ ПАУНОВ:**

Што се однесува до Владата,морам да кажам два збора. Мислам дека е предложена искусна Влада, млад свет, брз, ефикасна Влада и ја поддржувам и посакувам до крајот на мандатниот период таа да остане заради авторитетот на нашата македонска држава, а исто така, во колку ги спроведеме овие задачи што ги бараат граѓаните понатаму и некои од нив да го продолжат мандатот.

VII/3.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ако сте заморени, предлагам пауза. (Повеќето пратеници предлагаат да се продолжи со работа).

Ако не се согласувате да се даде пауза, да продолжиме со работа. (Некои пратеници бараат да се прочитаат имињата на пријавените дискутанти).

Има многу пријавени за дискусија, 23. Тие се: Михаил Пановски, Иван Иванов, Алиу, Гошев, Поповски, Дафчев, Фаик Абди, Панче Минов, Ханџиски, Манчевски, Николовски, Љубисав Иванов, Петковски, Ајдарага и Цветковски. Тогаш да одиме со уште две дискусии, па да дадеме пауза.

Има збор господин Михаил Пановски.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Почитувани пратеници, најпрво сакам да изразам големо жалеше што тука воопшто не се присутни ни старата ни новата Влада ни мандаторот, но бидејќи ми дојде редот ќе си го кажам тоа што имам да го кажам. Најпрво би сакал да кажам збор, два околу мојата партија на која припаѓам Илинден - Слободни демократи во врска со сите процедури што беа околу изборот на новата Влада.

Ние од почетокот бевме спремни да соработуваме со сите партии кои се автентични, македонски, кои не се водени од странство, независно од која држава и за таа цел кога беше предложен првиот мандатор исто така дадовме поддршка и на првата партија што го доби мандатот, ВМРО-ДПМНЕ. Бевме спремни за соработка, но од познатите причини тие го откажаа мандатот. Потоа, во преговорите со мандаторот Петар Гошев ние му изразивме безрезервна поддршка од познатите причини, за неговата личност не сакам да зборувам, сите добро знаеме кој е и бевме спремни да

VII/4.-

гласаме за Владата што ќе ја состави Петар Гошев, без притоа да поставуваме никакви услови, да бараме министерски места, заменици итн. Но единствен наш услов беше мандаторот Петар Гошев да состави Влада онака како што тој самиот цени и мисли и самиот да ја преземе одговорноста.

Со оглед на познатите игри кои што се случија, пред се бојкотот на неговата партија, тој самиот го врати мандатот, за- тоа самиот нека си каже поопширно и особено после изјавата на новиот мандатор дека има обезбедено парламентарно мнозинство за формирање на Влада ние одлучивме да се воздржиме, да не гласаме за оваа Влада и да бидеме опозиција на оваа Влада која денес се надевам ќе биде и избрана.

Илинден - Слободни демократи ќе биде конструктивна опозиција на оваа Влада, ќе нуди свои предлози особено во економскиот дел, проекти. Колку тие ќе бидат усвојувани, оставаме на новата Влада и нашиот став е борба за тие идеи овде во Парламентот. Немаме намера да го напуштаме Парламентот при неговата работа, но ќе се залагаме да се изградат правила на игра во овој Парламент кои цениме дека не постојат сега и поради тоа доаѓа до големи манипулации и злоупотреби во работата на Парламентот.

Пратеникот, колегата мој драг Ханџиски во своето излагање околу дневниот ред првиот ден на оваа седница кажа дека сите коалициони партнери по враќањето на мандатот на Петар Гошев останале во таа коалиција што не е точно, бидејќи ние бевме спремни да бидеме дел од таа коалиција, но нашиот услов повторувам беше мандатор да биде Петар Гешов што значи дека ние и преку нашето партиско соопштение кое беше објавени во информативните медиуми на Републиката, со самото отстранување на Петар Гошев и враќањето на мандатот, ние истапивме од таа коалиција.

Исто така, тука цело време овие денови се оперира со тезата концентрациона Влада, што јас воопшто не ја прифаќам бидејќи во светот со поголемо демократско искуство и поголема парламентарна демократија не постои таков израз концентрациона Влада. Обично има партиска Влада на таа партија што е на власт или коалициона Влада. Затоа, ве молам сите овде во Парламентот а и господата од информативните медиуми да престанеме да опираме со таа теза за таканаречена коалициона Влада бидејќи демократскиот свет не познава такви изрази.

Исто така и она што се бара поголем број партии парламентарни и вонпарламентарни да ја поддржат Владата мене навистина не ми е јасно зошто. Дали заради тоа да се разводни одговорноста или од кои причини јас незнам. Овие партии што се сега во коалицијата кога решиле да направат коалиција, нормално е дека си ја преземаат целата одговорност врз себе, а сите ние што не партиципираме ние ќе бидеме опозиција и нема да сносиме одговорност за работата на оваа Влада. Ако таа работ|а е позитив на, ако народот оцени дека е добра таа работа, на наредните избори овие коалициони партии ќе бидат наградени. Доколку не е така, ќе бидат казнети. Тоа е нормално и така е во целиот норма лен демократски свет.

Исто така, сакам да кажам и тоа дека ова за мене не е нова Влада туку е една најобична реконструкција на старата Влада, со тоа што еден добар дел од министрите кои првиот пат кога ги биравме се изјаснија како партиски неопределени сега гледаме дека во меѓувреме партиски се определиле, меѓутоа, .тоа го сфаќам како нивно персонално право.

Сакам да кажам неколку збора и за работата на старата Влада, кои се надевам дека господата од новата Влада ќе ги слушнат и фактички се надевам дека тоа ќе биде еден патоказ за нив да не ги повторуваат тие грешки што ги правеше старата Влада, за која јас гласав за нејзина недоверба.

Старата Влада по мене изврши - прво би сакал еден позитивен момент, историски, а тоа е воведување на денарот како платежно средство и оформување на наш македонски монетарен систем. Мислам дека и историјата ќе си го каже своето и дека воведувањето на денарот беше историски момент за нашата млада држава. Но по мене негативните моменти во работењето на старата Влада ги имаше премногу. Ќе почнам по ред.

Најпрво, деновиве бевме сведоци што значи да бидеш прогласен за најповластена нација во трговската размена со некоја земја и сите сме горди што САД ќе не стават на списокот на таа најповластена нација во трговската размена со таа веле - сила. Сакам да кажам дека оваа стара македонска Влада исто така воведе најповластена странска земја во трговијата со нашата земја Македонија, а тоа е соседната СР Југославија. Тоа може да се види низ огромен број примери. Воведе протекционизам на економски план за производите од СР Југославија, мерката воведена за патуваше во странство 30 марки не важи само за нашиот северен сосед, еден обичен телевизор, машина за перење или било каков електричен апарат доколку нашиот македонски граѓанин го купи и го внесе во странство и го внесе од северната страна, тој воопшто нема да плати никаква царинска давачка на нашите македонски цариници. Но доколку истиот тој производ го внесе од било која друга страна, ќе си плати драстична царина. На тој начин ние го штитиме стопанскиот систем на една друга држава.

Колку ќе имаме корист од тоа јас незнам, но притоа придонесуваме еден огромен износ на девизи нам како држава да ни се одлеваат на Север.

Исто така, старата Влада воведе еден невиден замав на сивата економија, што по мое мислење беше предизвикано од нефункционирањето на комплетниот државен апарат, на инспекциските служби, даночните служби итн., што исто така е еден од главните моменти за воведување на анархија и зафаќањето на таа стара Влада. Се штитеше црниот девизен пазар, не се сакаше да се воведат приватни менувачници, државата да има некоја корист од тој црн девизен пазар, со што на уште еден начин се направи одлив на девизите.

Понатаму  држеше на северната граница отворена старата Влада дозволи во Македонија да се врши една демократска инвазија на овие простори од страна на новодојденци од Косово, Санџак и Босна, со што до ден денешен сеуште се случува рапидно менување на етничката карта на нашата држава и ако во најскоро време на тоа не застанеме на пат, тоа многу скапо ќе го платат нашите идни генерации.

Не ги почитувавме меѓународните конвенции и договори за прием и прифаќаат на бегалци. Се знае како се прифаќаат тие бегалци. Воопшто не направивме прифатилиште и посебни логори и да имаме евиденција на тие бегалци, туку едноставно секојдневно тие овде диво ни се населуваат, купуваат дуќани и куќи и се плашам дека со новиот закон за државјанство, ако не воведеме некоја рестриктивна мерка сите тие бегалци ние ќе ги легализираме овде на нашата територија.

Понатаму, за цело време господата од старата Влада ширеа дезинформации меѓу пратениците дека новата Влада е таа што Македонија

ќе ја спои со СР Југославија. Јас сите ќе ги потсетам овде, сум ги потсетувал и се додека сум тука ќе го кажувам тоа дека ние со Уставот сме дефинирани како самостојна земја и никој го нема тоа право, па ниту една Влада, ниту еден Парламент Македонија да ја спојува со било кого. Македонија си е дефинирана како самостојна држава, како држава подеднакво оддалечена од си- те наши соседи и сите мои залагања во овој Парламент ќе бидат во насока на почитување на уставниот поредок на оваа држава. И воопшто не сакам да верувам во такви инсинуации дека се можни.

Понатаму самите, ми се чини дека еден од потпретседателите кажа дека биле под големо влијание на претседателот Глигоров, дека биле пиони во неговите раце, што но мене е уште еден доказ за нивната историска одговорност. Ако беа навистина чесни и поштени, навистина можеа како министерот Димитар Димитров да си ја искористат институцијата оставка и да си одат од министерската фотелја а не грчевито да се држат до последниот ден за неа. Уште еднаш ќе повторам, сите овие работи старата Влада ги укажувам до новата Влада да ги има предвид и да не ги прави истите грешки што ги правеше старата Влада.

Тука исто така и еден друг момент е многу важен за развојот на демократијата во Македонија. Тоа е големиот број афери кои во последно време се појавија околу купувањето на становите, автомобилите, на вадењето на заробените девизи.

VIII/1/пј/см

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ: (**Продолжение).

Се мисли на девизите на голем број високи функционери. Новата влада првенствено треба да ја има таа задача. Зашто, тоа е злоупотреба на власта и народот има право да знае кои се тие високи политички функционери кои ја злоупотребиле својата висока функција и на сметка на граѓаните си ги извлекле девизите, си купиле убави коли за мали пари, дошле до станови на еден протекционистички начин и ценам дека треба да се изгради еден институт во оваа држава, има шанса новата Влада тоа да го направи, сите високи републички функционери да се изврши попис на имовината кога дошле на власт што имале и кога ќе им заврши мандатот што имаат да се види кој ја злоупотребувал својата функција, а кој не сакал да ја злоупотреби.

Ценам дека со изборот на оваа влада, за која што повторувам, ние нема да гласаме или на слободни демократи. Тоа го гледам на еден развој на демократијата во Македонија, бидејќи ќе дојде до јасно издифиренцирани антагонистички блока во овој  Парламент што по мене е добро. и добро е за секоја држава, бидејќи антагонизмот меѓу двата овие блока ќе доведе до просперитет во оваа држава и до помала злоупотреба на власта на тие што се на власт. Сега дали ќе имаме вистинска демократија, тоа тука зависи и од нас, бидејќи и господинот Бранко Црвенковски, новиот мандатор се заложи во своето предизборно претставување дека ќе се бори за почитуван>е на јасно разграничената уставна власт, на законодавната, извршната, судската, јас би рекол информативна власт и претседателска, поготово информативна и би сакал да дадам еден пример што после посетата на Паниќ, по мене е доста воочлив, кој колку го воочил, го согледал јас незнам, но за мене е и доста индикативен. После посетата на господинот Паниќ во Охрид на 2 август

некако како да доминираат во нашите информативни медиуми изворите за информирање, Тањуг и Срна.

Понатаму на еден перфиден начин низ тие културни програми јас барем така го чувствувам, се чувствувам еден продор на тие бивши југословенски песни кои што после 2 август на еден поизразен начин се врши еден пробив на нашето културно живеење.

Што се однесува до со устав поделената власт на Законодавна Парламентот, извршна владата и судска, мислам дека тие во моментот воопшто не функционираат, дури и се загрозени. Факт е дека со работата на Парламентот, Претседателството на чело со претседателот врши груба манипулација и опструкција во неговата работа. Во тоа доста му помага недонесениот деловник за работење, невоведувањето електронско гласање. кое што ми се чини дека и ланската и оваа година беа издвоени средства за буџетот за воведување на таков вид на гласање, кое што воопшто не кошта и не се некои големи пари и кое што електронско гласаше го имаат сите парламенти во светот, дури и Црногорскиот. На тој начин се врши и една пресија врз пратениците, едно партиско дисциплинирање, што по мене има голема штета за демократијата целокупна во Македонија.

Исто така, од претседателот на Парламентот се сака да се покаже една јаловост, една неспособност на Парламентот со цел за лично издигнување негово над Парламентот и мене ми е многу жал што не е тука. И да е тука истото ќе го кажам. Значи, јас ценам дека е загрозена нашата законодавна власт од овие причини и до колку не донесеме стриктен деловник со стриктни пропишани правила на игра ние сите во Македонија можеме да имаме само штета, а најповеќе демократијата во Македонија.

Исто така, се манипулира, а на тој начин е загрозен и третиот сегмент, судската власт, се манипулира свесно со изборот и реизборот на судиите, со цел да се држат во една зависна позиција од овој парламент? од овој центар на моќ овде и јас воопшто не се сомневам за било која, пред се, оваа одлука што беше на Уставниот суд јас воопшто не ја ни погледнав, ги сфаќам како обични луѓе кои што си имаат фамилии, кои што си имаат егзистенцијални проблеми и кои што е нормално човечки да се плашат за својот реизбор, кој што реизбор може да им биде загрозен доколку донесат одлука што ќе биде во спротивност со овој центар на моќ, конкретно Парламентот на Републиката. Доколку законодавната и судската власт не бидат донесени, по мене, во рамките на Уставот не можеме да зборуваме за вистинска демократија во Македонија. Дури јас сум слободен да предложам ако треба уште на една од наредните седници сите судии да ги прогласиме да им се изврши реизбор генерално само да имаат луѓето своја независност во работењето. Се додека ние ги држиме во една зависност ние овде во Парламентот сите заедно, дотогаш тие луѓе ќе немаат своја слобода во работата и ќе страда демократијата во Македонија.

Околу кадровскиот состав на новата влада не би сакал многу да се задржам, тоа е право на мандаторот, на партиите кои што стојат зад оваа влада, во зависност од тој избор тие ќе имаат успех или неуспех, тоа е нивна работа. Единствена моја лична забелешка е што нема повеќе приватници од приватниот сектор, успешни приватници кои што ќе се борат за правата на приватниот сектор, кон кој сектор ние сите мораме да се стремиме доколку сакаме просперитет на нашата држава.

VIII/4

Единствено би се осврнал на Министерството за надворешни работи, мене ми е жал што господинот министер не е тука, господинот Денко Малески, кого јас го почитувам како интелектуалец и професор, но мислам дека после неговата оставка во знак на протест на одлуката на Европската заедница за наше непризнавање, мислам дека требаше да си остане доследен за таа одлука бидејќи низ таа доследност и нашата држава ќе имаше поголем дигнитет во очите на европските 12-тмина. Сите знаеме Грција како го жртвуваше својот министер за надворешни работи со кое жртвување изврши јас мислам пресуден притисок на одлуката од 28 јуни на Европската заедница.

Исто така, јас на неколку пати овде сум зборувал уште пред 6, 7 месеци за надворешната политика, сум барал и сеуште барам многу поактивен однос нејзин, многу поголема организираност, зашто по мене нашиот настап на меѓународно поле, освен последната Лондонска конференција, јас го оценувам како несериозен и хаотичен тој настап. Ние имаме големи можности со паметен настап со отворање по итно на нашите претставништва, поготово, во оние реони каде што имаме наши иселеници, зашто повторувам со метна работа наша, со паметен настап и организиран можеме да дојдеме до девизи кои што во овој момент ни се прекупотребни. Само ќе потсетам еден пасош југословенски до скоро нашите иселеници го купуваа за 250 долари. Што ќе значи доколку сите тие наши иселеници, во Канада, во Австралија, во САД купат македонски пасоши, што ќе значи во оваа наша економска состојба сега. Има и ред други работи, таму се вршат невидени фалсификати на плочи, на касети, можеме да се учиме и од Еврејската држава за нивен настап како тие доаѓаат до помош за нивната држава од нивните иселеници и ценам дека ние на тоа поле, а тука мислам дека е Министерството за надворешни работи тоа што треба да биде носител на тие активности, дека на тоа поле активностите, по мене се нула.

Ние можам да кажам и тоа дека лобито и Црквата македонска што се во странство таму во тие две институции има еден неконтролиран на влез и на излез на девизи кои што неконтролирани девизи завршуваат во нечии џебови, а чии се тие џебови јас незнам, но добро е тие да завршуваат во касата на македонската држава.

Исто така, морам да се осврнам, господинот Црвенковски кажа дека треба да се обезбедат сите човечки потенцијали во Македонија независно дали се овде во Македонија, дали се во странство јас апсолутно го поддржувам во тоа, но дали ние придонесуваме со нашите конкретни чекори во обединување на нашите македонски човечки потенцијали. Моите заложби во тој поглед од секогаш биле, јас дури сум лично како пратеник и поранешен член на ВМРО-ДПМНЕ дојдов во судар со својата партија, заради тоа што одредени високи раководители македонски биле прогласувани за предавници, почнувајќи од Глигоров, преку Тупурковски, Кљусев, Ристевски итн., и за тоа имам морално право да застанам на пат од оваа говорница на сите овие денуцијански појави што ни се случуваат, што една личност, конкретно ова ќе го кажам господинот Васил Тупурковски се сака ова сегашно раководство да го претстави како најцрн предавник во јавноста. Знаете тоа не води кон постигнуваше на нашето македонско национално единство. Во голем дел за тоа ценам дека има придонесено и самото лоби македонско што работи во Канада, а и јас сега скоро дознав сме имале амбасадор во Вашингтон некоја госпоѓица Ацевска Љубица се вика, значи ние како држава сме дозволиле во Вашингтон да имаме три институции кои што паралелно ќе работат на признавањето на Македонија, а воопшто меѓу себе нема да соработуваат, што по мене е трагедија за нашата држава.

Значи ќе повторам неопходно ни се наметнува од обединување на сите македонски кадри,во нашата борба за опстојување на оваа држава. Тука не смее да има ни помали ни поголеми македонци, туку оваа влада треба да води политика, како што барем е искажано од мандаторот. Сите овие работи нека се заборават и нека се оди понатаму без никакви последици од тоа.

Исто така, сакам да кажам за економската програма на оваа влада, мислам дека оваа влада требаше конкретно ќе мора да се произнесе, бидејќи такви времиња доаѓаат чии интереси ќе ги брани, дали ќе ги брани интересите на приватниот капитал или на општествениот капитал, односно на моќниците на моќните директори. Факт е дека преку овие интерни акции до сега што беа се врши грабеж на тој општествен имот. Еден наш доктор на науки господин Павлески кој што е признат, живее во Париз, признат д-р на науки по економија, советник на повеќе странски влади. На телевизијата сите имавме прилика да го чуеме, каде што тој вели па и не е толку неопходно да се оди во приватизација. Што може да се продаден а што не може нека - се прогласи за државен капитал. Но, не сакам да навлегувам сета во економската програма, Владата ќе мора да ,се произнесе чии интереси ќе брани, дали на приватниот капитал, дали на општествениот капитал.

На крајот сакам да кажам дека е добро што е постигнат договор меѓу македонски партии и албански партии но огромна е штетата по македонското национално единство што не дојде најпрвин договор до македонските партии, бидејќи сега ќе бидеме набрзо сведоци дека некој цело време ќе бидат прогласувани и за предавници итн. Тука јас ја гледам штетата што не се направија додатни напори да дојде до договор помеѓу

македонските партии. Уште нешто, тоа мора да бидат свесни господата од партиите што влегуваат во коалиција со ПДП-НДП, јас на нив сега не сакам да им солам памет, но и не сум против Албанци, Турци или било против кого, јас сум за соработка со сите, но само оние што се автентични Албанци и партии што не се водени од странство, а за што се сомневам за господата од ПДП'<бидејќи факт е дека и изјавите на нивните партиски челници не навлегувам во Пратеничката група, огромен дел од таа пратеничка група ја ценам и ја почитувам, мислам дека се лојални на оваа македонска држава, но ќе мора и пратеничката група на ПДП или да се дистанцира јавно или да ги поддржи своите партиски челници. Мислам на Халили претседателот и на Митхат Емини секретарот, бидејќи нивните последни изјави како во Лондон заедничкиот настап со Ругова. Нивните интервјуа за австралиските медиуми, јасните врски со Ругова, што за мене јас го ценам за странец или секое мешање негово овде е мешање од страна, тоа ќе мора овие македонски партии, Социјалдемократскиот сојуз, Реформските сили, Социјалистичката партија и ПЦЕР, да го имаат предвид бидејќи тие ќе ја сносат сета одговорност за работата на нивниот коалиционен партнер.

Благодарам и се извинувам ако бев подолг од тие 15 минути, но почитував и два дена чекав стрпливо, не сакав околу дневниот ред да ви досадувам.

**ИВАН ИВАНОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници и колеги, најпрво една благодарност што дадовте и јас да се искажам пред да одиме на пауза. Мислам кога расправаме за едно важно прашање, а тоа е произнесување за нова влада е сосема потребно нешто да се каже, поготово што сегашните состојби кои што ги изоценувавме дека се многу

сериозни, а и поготово што во минатите два односно еве и денес три дена чувме многу сериозни забелешки по поедини прашања, а посебно и за новата Влада која што е предмет на расправа.

**ИВАН ИВАНОВ:** (продолжение)

За мене заслужува внимание и респект изразената спремност и храброст од мандаторот и прифаќањето на кандидатурата од поедините министри, не од лицемерие туку сосема од тежината во сегашните многу сложени услови на вака одговорна задача. Изложената програма од мандаторот ја гледам како една афирмативна програмска концепција, со сериозни зафаќања на многу амбициозни прашања од досегашните состојби и програми. Но сепак тешко е да се прават посериозни оценки за успешноста и за нејзината реалност. тоа ќе го покаже времето и нашата заедничка работа, што секако е еден значаен придонес. Сепак сакам да искажам некои сугестии или укажувања на Владата во смисла на натамошното нејзино работење. Мислам дека треба да посвети најголемо внимание на стопанските проблеми и на економската проблематика, бидејќи тоа е едно клучно прашање. Од кое базираат сите натамошни егзистенционални и .материјални можности на македонската држава. Понатаму, мислам дека исто така треба под итно да се воспостави еден нов квалитетен даночен систем, заради обезбедување како на квалитетни решенија за финансирање на државата и останатите функции, тука мислам пред се на стариот назив општествени дејности , но секако сакам да укажам да се заложи со инструменти кој нема да одат понатаму на зафаќање на стопанството, бидејќи тоа веќе е доведено во една многу тешка состојба, а со натамошни зафаќања ќе значи и промашај на една таква политика.

Понатаму мислам дека заслужува внимание да се потенцираат уште две прашања, а тоа е донесувањето на еден конзистентен систем или програма за социјалната сигурност на граѓаните, меѓутоа, на едни економски принципи, кој ќе обезбедуваат една сигурност во сегашните

услови, секако спрема материјални можности. И секако залагање за изнаоѓање на прифатливи решенија за сегашниот многу сложен проблем со девизните штедни влогови на граѓаните. Исто така мислам дека Владата треба да посвети посебно внимание на сериозните искажани забелешки, посебно на изразените сомневања од одредените претставници на партиските групи, посебно да кажеме во делот на прашањата кој што одат на аномалиите и проблемите кој беа искажани во досегашниот историски развиток, како лошо искуство на едно партискиот систем. Мислам дека тоа заслужува посебно внимание. ова бара и едно максимално внимание и ангажирање на идниот претседател и поедините функционери кој ќе ги носат ресорите витални на кој почива државата и воспоставениот уставен систем, при тоа мора да се воспостават деполитизирани органи, да се отстрани секако влијание на партиските интереси, што беше присутно во досегашниот период, со максимално штитење на граѓанските права и слободи. Мислам дека почитуван претседателе вие изгубивте една добра прилика во делот на предлагањето на кандидати на овие ресори сепак требаше да ја дадете поддршката на претставниците до партиите кој што имаат пратенички групи во овој Парламент, а се во таканаречените граѓански партии. Мислам дека тоа беше една шанса да се посвети едно поголемо внимание. Меѓутоа, мислам дека не е доцна тоа понатаму да се направи со едно крајно големо внимание за кои вие рековте и за сите оние слабости што се присутни во досегашниот момент.

Исто така сметам дека оваа Влада ќе има краток век, ако коалиционите партии не најдат едно заедништво и не воспостават еден консензус, или еден договор по прашањата од заеднички интерес за оваа држава. И во тој дел мора да постои едно поголемо разбирање за сите тие прашања за да не дојде оваа Влада да биде со краток век. Затоа пратениците од сите овие коалициони партии носеле една голема

одговорност и една претпазливост со тоа сигурно не за штета на граѓаните, како што беше искажано сомневањето, или за слободите на граѓаните, туку напротив за доброто на оваа држава и на овие граѓани. Токму за да се избегнат сите овие сомневања што беа изрече- ни во минатодневните дискусии. Исто така, сакам да упатам апел до вас пратениците од пратеничките групи на ПДП и НДП да го респректирате фактот за поголемо учество на кандидатите од овие партии во новата влада која треба да биде еден нов квалитет и тоа квалитет за поголема доверба во меѓунационалните односи и треба да биде еден кохезионен фактор за стабилноста на единствената македонска држава.

Ова не го кажувам со некоја намера за проповедање, туку мислам дека и вие тоа го делите како чувство.

По прашањето за предложените кандидати многу е одговорно и неблагодарно да се прават судови, ако партиите застанале позади ваквите кандидати, јас мислам дека тоа треба да го поддржиме. И тоа е еден предуслов за една добра тимска и успешна работа. Исто така, сакам да забележам на пратеничките групи, односно да апелирам кои веќе се произнесоа, или ќе бидат во опозиција, кои што немаат свои претставници во Владата. Тие имаат една голема шанса со една конструктивна и плодотворна работа да придонесат за подигањето на нивниот рејтинг и за доброто на оваа македонска држава, а притоа да се приземиме на сето она што е потребно, пред се и партискиот интерес, меѓутоа и пошироките интереси на македонската држава.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Се извинувам за една накнадна интервенција. Чувствувам за потребно бидејќи господинот Пановски дали направи лапсуз во својата дискусија кажа дека госпоѓата Ацеска е наш амбасадор во САД.

Ние сеуште немаме амбасадор во САД, а госпоѓата Ацеска работи за афирмација на македонската држава и вистината за Македонија,како наш иселеник во Америка.

**МИХАИЛ ПАНОВСКИ:**

Госпоѓата Ацеска на македонските новинари на Лондонската конференција им се претставила како наш амбасадор. Јас сега не сум крив што самата таа се претставила. Мене ми е пренесено од новинарите Инаку, во кое својство јас незнам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

(Објавувам пауза до 15,00 часот.)

IX/5.-

(По паузата)

**СТОЈАН АНДОВ:**

Имајте предвид дека во салата има 35 степени. Во тие услови ние работиме. Затоа да ви кажам колку има пријавено и ги молам сите говорници да бидат економични во искажувањето да ги соопштат своите говори, но по можност да не бидат крајно екстензивни. Не е тоа моја желба да ограничиме туку да се држиме до договорот. Имаме вкупно пријавено 26 пратеници. Девет зборувале, има уште 17.

**ХАМИТ АЛИУ**

Даме и господа, ценето претседателство, новата влада доаѓа во време кога во политичкиот, правниот и економскиот систем на Републиката не е изменета состојбата на целата структура на институциите и објектите од претходниот еднопартиски систем. Овој процес е карактеристичен за сите источно европски земји а нај карактеристичен и специфичен е во нашата Република, народот има демократска традиција, само треба да се развива, да добие практично форма како во демократските земји со долга демократска традиција. Демократската традиција недостасува кај слојот што управува и го води правниот,економскиот субјект што ги ужива сите благодети на демократијата, за што ја отежнува парламентарната демократија и создава политички правен и економски вакум. Така да не постои институција која доживува темелни промени и на политичката, правната и економската сцена да се појави новиот субјект на демократијата со пазарна економија.

Програмата на Владата е скромна што е нормално во вакви состојби што се наоѓа, а верувам како самата кажа по согледувањето на состојбите во сите сфери има поконкретни прегледи, попрецизна динамика на

разрешување на проблемите. Без оглед  на хипотеката што ја има оваа влада, а свесни дека само капитените на тимовите се менувани, во сите институции, но за поздравување е нивната храброст и нивната стручност која ја имаат, можат полека со скромни резултати да формираат една основа за едно подобро утре.

Во овој контекст имам некои мои забелешки меѓутоа, претходните дискутанти ги искажаа, па не сакам да се повторувам, меѓутоа исклучиво би требало новата влада да се занимава со рамноправноста на јазикот каде живеат албанците, со националниот идентитет, кој е една основа за институциите што практично не тоа е во одраз на националниот идентитет, почнувајќи од детската градинка, до академската наука, во ниедна институција албанците не се учесници, ниту се вработени во тие институции, некогаш имавме и детски градинки, меѓутоа во фамозната 1981 година и тие детски градинки на албански јазик се укинати. Но најтешката состојба во стопанството. Со право Владата во својата програма без програма за инвестиции, без други програми, но свесна за состојбата во која се наоѓаме. Меѓу- тоа, оваа Влада мора да ја запре најголемата пљачка на столетието во општествениот сектор, а знаеме како е формиран овој капитал. Мора да се расчисти со формалното акционерство на Анте Марковиќ која до крај се злоупотребува.

Јас незнам во која земја во светот да бидеш 10 години директор, да раководиш како што сакаш, да имаш се што сакаш без инвестиции и да бидеш најголем акционер во сегашно време, без скршен динар, а исто така во сегашно време да продаваш што сакаш и што можеш од општествениот сектор. Затоа под итно треба да се донесе Законот за трансформација на капиталот и да се гради економски систем на пазарното стопанство.

Ние алабанците сме биле приморани да се ориентираме пред 20-30 години во пазарно стопанство од тоа што не цели 3% сме застапени во оштествениот сектор. Меѓутоа не верувам дека новата Влада, а сум убеден во тоа дека нема да се занимава со тоа, како претходната влада, што не е фер, меѓутоа ме иритира и морам да го потенцирам, на- место да се занимаваше со економските проблеми што ги имаме ние во нашето стопанство, поконкретно во Западниот дел на Македонија во Тетово, таа се занимаваше со градење на манастири и тоа на Попова Шашка, на туристичко место и што е уште пожалосно и комедијата уште посмешна на одговорот на Владата дава одговор дека е тоа во интерес на сите граѓани, а заборава дека селото Лисец и нејзините 4000 граѓани ги брише од економска егзистенција. Се надевам дека новата влада мора да има неопходен нов пристап на стопанскиот развој во Републиката, што по својата оригиналност, суштински се разликува од другите светски стопанства. Ставот по кој динамиката на стопанскиот развој зависи и од ефикасната употреба на поедини инпути во однос на нивното квантитивно зголемување, бара решение кое ќе може повеќе да придонесе за валоризацијата на таквото знаење, е карактеристика на донесување на сите одлуки кои го дотакнуваат проблемот на стопанскиот развој на сите нивоа, а поконкретно кај недоволно развиените односно технолошко инфериорни економии како што можеме да кажеме е и нашата Република.

Факторите за развој на нашето стопанство во Републиката би се делеле на три групи што практично би придонеле и за програмата на новата влада.

а) Фактори кои делуваат кај сите други фактори, тоа е знаеше и информација;

б) Фактори кои делуваат кај мнозинството фактори тоа е политички систем, технолошки развој, системот на управување, и становиштето;

с) Фактори кои делуваат само кај одреден број на други фактори, тоа е природното богатство и клима географски позиции.

Овие фактори сите Републиката ги има, па можеме да излеземе од овој колапс. Овие фактори мора да се елаборираат во комплетна смисла, бидејќи на народот не му е потребна демагогија, фразеологија, лажен декор, но основа за живот. Стар економски закон е колку земаш толку вредиш.

**ПЕТАР ГОШЕВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, неколку збора би сакал да кажам во врска со овој чин за избор на нова влада

Коалицијата успеа да обезбеди парламентарно мнозинство. Таа предлага состав;, каков што можела да обезбеди и каков што сакала да обезбеди. Веројатно и едното и другото е присутно. Тие што остануваат во опозиција не можат да го спречат формирањето на Владата, а имаат право да ги кажат сите квалификации за нејзината програма, за нејзиниот состав, се разбира, без квалификации што се косат со законодавството што го штити интегритетот на личноста. Се разбира, ние од ова последново сме уште далеку. За евентуално слабата програма и евентуално слабиот состав, за евентуално лошата работа, одговараат коалиционите партнери пред граѓаните, односно избирачите. Опозицијата која не може да го спречи формирањето на Владата може да се обиде да му ги отвори очите на народот во врска со евентуалните грешки и слабости на тие што успеале да се инсталираат како вршители на функцијата на власта и од тоа да

профитира на следните избори. Друго, немаше да стори опозицијата  во рамките на парламентарниот образец, а надвор од него не смееме да дејствуваме, заради тоа што тоа ќе не удри силно по глава со невиден удар и заради тоа што такви удари од вон- парламентарни демократи овие простори познаваат.

Според тоа, одговорноста за решаваше на економската криза, или колапс веќе и за меѓународната позиција на Република Македонија ја презема во овој момент оваа коалиција која понуди ваква влада и самите членови на Владата прифаќајќи ја таа функција

Јас како претходно одреден мандатор, го почувствувам начинот на формирањето на нова влада во ваква коалиција, го вратив мандатот. Причините ги соопштив според мене мошне јасно. Некои бараат дополнителни објаснувања. Бидејќи тоа не е на дневен ред, јас немам право за тоа да говорам овде и сега. Имам право да . г го кажам моето мислење ако сакам со образложение, или само со чинот на гласањето за ова што го имаме сега како предлог.

Имајќи го предвид и она што го реков, во врска со причините за враќањето на мандатот, а кои што по моја оценка стојат и мислам дека бев должен да ги соопштам, само би го рекол следното

X/1/CJ/OM

**ПЕТАР ГОШЕВ:** (продолжение

Бидејќи се наоѓаме на почетокот на школската година имам ваква асоцијација. Ѕвончето ѕвони на почетокот на годината за собирање на учениците, на крајот на годината за нивно распуштање. Катастрофалната економска состојба во која се наоѓа Републиката и недоречената меѓународна положба за нас наложува да ѕвони ѕвончето на собирање, впрегнување на сите најкомпентентни, се разбира и компетентни и со политички легитимитет луѓе за решавање на ситуацијата во која што се наоѓаме. на Македонија и треба и национално и меѓунационално разбирање, најмногу граѓанско особено».во овој час. Гладните се се побројни, масовните штрајкови пред врата. Пред врата ни е и можниот популизам, мислам дека го насетувате сите поход можен на гладни, на сиромашни и еДедилитаријанската идеологија и можната политика на цврста рака што тоа нужно може да го роди, раката на моќниот и семоќниот поединец. Пред врата ни е пак можната одбрана на самоуправувањето и социјализмот, уште ненапуштенијќи другото ветено народот од објективни или од субјективни причини ете никако да го дочека или да го добие.

Во такви услови реформата на македонското општество е крајно загрозена и може да се одвива во крајно тешки услови со крајно собирање на расположливите потенцијали на Републиката, со голем национален, меѓунационален политички консензус. без тоа Македонија ќе биде навистина во тешка, тешка ситуација. Во такви услови сметав дека мораше да ѕвони ѕвоното за собирање на скромните, не огромни потенцијали како ние во нашето само фалбаџиство по некогаш емотивно настапуваме Па од тие причини сметав:

Прво, дека ни треба Влада према која ќе искажеме максимум доверба, политички консензус за да може со голема поддршка да започне крупни нешта во стабилизацијата на Републиката, во обезбедувањето на економските стабилизации и вкупната општествена реформа.

Второ, дека ни треба Влада што нема да ги разгори внатрешните антагонисти во националното и меѓунационалното тело во републиката. Затоа што политичката криза што е основен политички услов мора да биде обезбеден за да може една Влада да превзема тешки, тешки операции на планот на стабилизацијата, на планот на реформата во општеството.

Трето, сметам дека ни треба Влада која заради големата внатрешна поддршка по респективно ќе делува во меѓународната комуникација, а таа ни е исклучително неопходна и заради меѓународното признавање и заради она што меѓународното признавање го носи на економ ски и вкупен општествен план.

Четврто, сметав дека треба Влада која ќе биде компонирана за да реализира однапред позната програма. Моја оценка и тогаш беше и сега останува дека за овие аспекти не е водено доволно сметка, се разбира имам право на погрешен став и сите имаат право другите на сосема друг став во врска со сите овие прашања.

Имајќи го сето ова во вид преференциите на некој од учесниците во моделирањето на Владата со кој што се сретнав во моите разговори во обидот за состав на Владата не сум подготвен однапред да искажам доверба за понуденото. Тоа значи дека нема да гласам за избор на Владата и ако се разбира дека ќе биде избрана иако е факт дека во неа некој од луѓето што добро ги познавам високо ги ценам и дека се компетентни луѓе со мошне завиден висок личен морал и кредибилитет.

Ние ќе треба допрва да просудиме каква програма ќе понуди и реализира оваа Влада во рамките на скратеното мандатно време што и стои на располагање. Мојот личен совет е доколку допира до него оваа Влада без оглед на околностите во кој што се составува, без оглед на времето што и стои на располагање да мисли пред се на програмските задачи, а помалку да мисли на изборите, за изборите нека мислат други во врска со тие прашања кои исто така можат да одлучуваат за тоа прашање.

И на крајот бидејќи бев спомнуван во некакви контексти, добронамерни или не сеедно, па мнозина ме прашаа зошто не одговарам на тие спомнувања, зошто на пример дозволувам да ме брани овој или оној, да ме напаѓа овој или оној, јас во врска со тоа би го рекол следното. Сите имаат право да искажат такво мислење какво што имаат и во врска со мене и во врска со било кого. И лошо и добро. Јас ниту давам ниту му земам некому такво право и немам право на тоа. Но, има едно карактеристично спомнување од завчера на кое морам да одговорам па преку него и на они кој што на тој начин разговараат и комуницираат. Господинот Халили на кој му посметаа некои апострофирања на мојата личност или барем таков впечаток добив јас за што некои посебни причини не гледам ме понуди на тие што ме спомнуваат , а јас не сум го овластил ниту него ниту било кого за мој дилер или брокер ниту пак јас нему или било кому сум го поставил во таква улога. Една од моите особини добра или лоша, секој може да пресудува, вистинска или невистинска , декларативна или фактичка е таа што јас припаѓам само таму каде што јас одлучувам да бидам, а каде припаѓам говори моето досегашно искуство или искажуваше писмено или усмено за сите значајни општествени прашања. Едноставно мојата политичка платформа одамна е позната затоа што не се бавам со оваа проблематика кратко време.

X/4

Напуштањето на Парламентот ни кога го прави ПДП-НДП, ни кога го прави ВМРО-ДПМНЕ или било која друга партија не го сметам за добро средство за остварување на ничии програмски цели.

Во врска со програмата на господинот Црвенковски мандаторот за состав на оваа Влада сега не би дискутирал ништо заради тоа што беше нужен инугуративен говор на мандаторот во рамките на расположливото време кое што му беше, кратко исклучително, да го покаже општиот поглед на Владата, односно општиот правец на активностите и бидејќи имаме најава дека ќе уследи детална разработка на актуелните прашања тогаш во таа прилика би го одредил мојот нов однос кон она -е. што би го понудила оваа Влада.

**ЉУПЧО ПОПОВСКИ:**

Почитувани пратеници, делот од излагањето на мандаторот Бранко Црвенковски што се однесува на обезбедувањето и зачувувањето на миро:т во републиката ме поттикна да кажам само неколку реченици кој треба да ги имаме сите на ум кога настапуваме пред јавноста , овде и надвор. Имено за што станува збор. Ние се уште имаме извонредна шанса мислам на Македонија да го избегнеме беснеењето и последиците на воените пожари што ги зафатија бившите Југословенски простори особено во Хрватска и Босна и Херцеговина само ако успееме да ги обезбедиме денес и утре и да ги ставиме во активна функција неколку битни моменти, предности и услови. А кој се тие?

Имено, не смееме да дозволиме посебно ние во оваа сала како избраници на македонскиот народ и граѓаните што живеат во републиката да бидеме причина во јавноста да се појават сомневања или дилеми дека со нашето однесување и вербално отстапување ние го напуштаме концептот на нашиот општо национален интерес, односно дека го заборaваме вистинскиот и исконски интерес на нашиот народ и граѓаните воопшто.

А, во што се состои тој интерес на овој народ, само да се потсетиме.

Прво, ќе го спомнам големиот ден односно 8 септември 1991 година, кога македонскиот народ и граѓаните на Република Македонија се изјаснија за самостојна, суверена и независна Република Македонија. нели е тоа еден од најголемите бисери во круната на македонската државност. Сигурно дека е. Молам нека ми биде посочен еден пример со кој Ќе се покаже дека се сака од страна на било кој овој бисер од оваа круна да го снема односно едноставно да исчезне од неа. Дали сметаат некои дека таквиот чин е присутен со формирањето на оваа Влада, во овој состав и со овој премиер. Одговорот на овие прашања би требало да ги дадат авторите на ваквите обвинувања.

Второ, дали меѓународното признавање на Република Македонија е исто така дел од тој општо национален интерес. Сигурно дека е. Дали сметаме дека има меѓу нас, посебно и во највисокото државно раководство кој тоа не го пожелува и не го сака. Впрочем ова опција:"  за мене од секогаш немала алтернатива а посебно денес. Според тоа да не чукаме на отворена врата и постојано да бараме виновници меѓу нас.

Трето, дали за Македонија е национален интерес што побрзо да ги радикализираме започнатите реформи особено во сферата на економијата во насока на нејзина целосна либерализација и приватизација. Верувајте дека ние и како парламент како и другите политички институции во Републиката успеавме да го завршиме можеби само полесниот дел од работата кога го донесовме Уставот на Република Македонија. Но, потешкиот дел останува за утре односно неговото преточување во животот и во стварноста, а стварноста од ден на ден станува се посурова   дали веќе не го допираме дното на една сеопшта криза каде секојдневно веќе сме свидетели на појави каде егзистенцијалните прашања се повеќе

доминираат во нашиот живот и се манифестираат во многу изострени и непријатни форми. Впрочем денешното соочување со недостиг на енергетски средства конкретно на нафтата се заканува парализира вкупниот живот во Републиката и да не врати на некои родументирани форми на живото од минатиот век.

Четврто, дали е интерес на Македонија денес во неа да имаме изострени меѓунационални и меѓуетнички проблеми и судири. Сигурно дека не е. Според тоа, формулата на соживот на националностите кој живеат во Републиката треба да има и мора да се пронајде, меѓутоа мора да се укаже дека е недозволиво секој типично граѓански спор или прашање од било која сфера на животот, а особено во образованието, културата и науката да се подигаат од една страна на суштествен и животен национален интерес, а од друга страна барањето на решението на еден таков проблем да се прогласува како национално предавство. Според тоа,да резимирам. Сакале или не, ние на некој начин низ донесените уставно правни документи посебно од ова Собрание имаме дефинирано општо национален интерес на оваа Република, доколку сметаме дека треба уште нешто да се подефиниран во заокружувањето на овој интерес тоа треба да го направиме на заеднички начин и со демократски средства. Поентата ми е во следното дека не би смееле на било каков начин да се поттикнуваат поларизации во македонското битие по битните национални интереси на македонскиот народ само заради тоа што ние како пратеници или пак како обични граѓани припаѓаме на различни политички партии. Но, сакале или не сакале тоа да го признаеме овие два дена во расправата на ова Собрание во некои дискусии на одделни пратеници беа присутни и такви изјави и најави дури повици на граѓански сукоби, непослушности, па дури и војна.

X/7

Наша е должност сите да се заложиме до тоа да не дојде и тоа мораме да го попречуваме уште ва коренот 'Меѓу другото заради фактот затоа што во основа македонскиот народ не сака делби и меѓусебни кавги и пресметки, не сака нашиот граѓанин да биде организиран во било која политичка партија или посебно во една партија за да биде добар македонец и обратно. Бидејќи со тоа ги рушиме основите, причините и мотивите луѓето да се организираат во политички партии и со тоа го оневозможуваме Функционирањето на повеќепартискиот политички систем во Републикава.

И, конечно, Македонија ќе биде самостојна и независна држава без разлика дали тоа некој го сака повеќе или помалку.

И на крајот морам да се осврнам и да дадам еден кус коментар, на вчерашната прес конференција на екс потпретседателот на потпретседателот на Владата на Република Македонија во оставка господин Блаже Ристевски. Имено попрво би рекол дека сеуште неизбраната нова Влада во текот на овие два дена беше изложена на поголем духовен линч како што тој се изрази во Собранието отколку на Владата во оставка за која би можело да се каже од страна, особено од страна на нејзините челни луѓе изврšија свое виден материјален линч врз станбениот фонд на Републиката со донесување на одлуки за купување на четирисобни станови во елитни скопски населби, или пак со барање за доделување на плац за изградба на индивидуални станбени згради и тоа во последните два дена откако конечно сфатија дека навистина мораат да си заминат од министерството.

**САНДЕ ДАВЧЕВ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници, во програмата добро се прикажани состојбите , но нивното решавање треба да се преточи во акција. Во третата програмска точка место "стабилизирање на економските текови во републиката и елиминирање на опасноста од

тотален колапс и парализа на македонското стопанство" треба прво да стои "елиминирање на опасноста од тотален колапс и парализа на македонското стопанство, а потоа стабилизирање на економските текови". За да се оствари ова треба прво, да се донесе антиинфлациона програма бидејќи министрите по финансии, стопанство и развој се нови министри и не би требало да има дотерување и крпење на веќе срушената антиинфлациона програма.

Второ, треба законот за трансформација на општествениот капитал да се донесе бидејќи ни по Уставот ние немаме општествен капитал.

Трето, законите од областа на финансиите, кредитно монетарната, даночната и царинската политика и систем.

Четврто, истражно развојната политика. Ние мора да издвоиме средства за истражување бидејќи без развојни инвестициони програми нема да имаме добро утре. Тековните економски проблеми се толку јаки што постепено готтарализираат стопанството, а сигурно нестопанството нема да биде избегнато. Со донесување на законот за зголемување на личните доходи се доведе стопанството во нерамноправна положба. Би прашале зошто? Затоа што 30% на вработените од стопанството за еден или повеќе месеци немаат земено личен доход, а повеќе од 50% од вработените во стопанството не би можеле да го земат она што им е дозволено со овој закон. Стопанството средствата ги троши за тековни трошкови и личен доход а за реконструкција, доградба и промена на технолошката опрема пари нема. Мораме да кажеме дека оваа технолошка опрема е за неколку генерации застарена поради која производите се неквалитетни и неконкурентни на светскиот пазар. Со вакво стопанство незнам што очекува нестопанството. Никој нема против зголемување на

платите во нестопанството, но мора големината на нестопанството да одговара на моќта на нестопанството мора еднаш стопанството да каже колкаво не стопанство може да финансира со лични доходи кој нема да го вреѓаат достоинството на вработените во оваа област. Стопанството мора да се растовари од притисокот на зголемување на давачките да земаат лични доходи врз база на своите резултати, а нестопанството да почне резервите да ги бара во себе односно во своите редови.

Сите овие прашања мислам дека оваа Влада покажа спремност и е способна да ги реши

**ФАИК АБДИ:**

Почитуван господине претседателе, почитувани дами и господо, кандидати за министри, уште веднаш да кажам дека сум актив- ен учесник во коалицијата, така да речам во левите партии иако ми се префрли овде дека незнаењето на левите партии направи тоа и тоа итн., дека се согласувам со тоа што во глобала го кажа господинот Бранко Црвенковски и дека пред 5 минути многу сум револтиран на извесни укажувања на негативно мислење за ова или она. Овде сме во парламент, седниците се пренесуваат и не е сеедно кој зборува. Мислам дека си правиме многу лоша услуга на државата Македонија и ако овде критикуваме и критикувавме некоја си филозофија на работењето на експертската Влада, затоа јас не признавам никаква филозофија на работењето во стопанството и треба само да појдеме во една развиена земја да видиме како таму работат, да го пренесеме тоа овде и тоа е тоа. Не е тоа некоја посебна филозофија. Мене ми е многу криво што денеска слушам, ние тоа не го сторивме, многу ми е криво што слушам од мојот пријател, колега Петар Гошев, такви зборови.

XI/1 сс/пн

**ФАИК АБДИ**: (Продолжение)

Јас имав конференција за печат веднаш по враќањето на мандатот и еден новинар од албанската националност ме праша што мисли г-дин Абди дали господинот Претседател на Републиката ќе го довери на третата по ред партија по големина, на коалицијата ПДП-НДП. Јас одговорив - да, во случај да се откаже партијата СДС, на ред доаѓа ПДП-НДП. Меѓутоа, колку јас знам, се откажа човекот, а партијата не. Фактички тоа беше она што овде се зборуваше два дена зошто повторно СДС.

(Жагор во салата)

Јас ве молам, знам сум ви досаден по малку, но бидејќи сум еден ром од партијата ПЦЕР на Македонија, дозволете во рамките на моите скромни познавања на економските услови во Македонија и бивша Југославија, Европа и пошироко да кажам нешто колку ова што не чека и она што слушнавме сега.

Мислам дека ниту малку не е смешно што го слушнавме овие 2-3 дена. Исти дискусии се повторуваа по неколку пати и се повикуваше и господ и Свети Aранѓел и незнам уште кои се се повикување на помош за да се стори нешто со Македонија како најмакедонци, како најголеми Македонци, како најголема партија итн. тоа ви е познато. Мислам дека без целосно разбираше на сите граѓани ние не можеме многу да опстанеме и не можеме напред да одиме.

Јас мислам дека оваа Влада, сигурно во рамките на глобалните размислувања ќе има предвид доста работи при разработка на Програмата. На пример, дали воопшто знае која година од последните 10-20 години беше најплодна во Македонија, колкаво беше производството, дали може да се оствари такво производство иако имаме застарена техника на

производство, каде го пласиравме, дали внатре, овде во Бивша Југославија, дали вон Југославија, плаќањето беше со цврста валута или со другата валута, па дали сето тоа можеме да го обновиме, дали може да се добие нешто плус од тоа. Што е тоа што не кочеше едно време, а сега не смее да не кочи? Тоа значи дека ние можеме да испливаме, само ако сакаме, ако имаме, опростите, само поголема свест.

Има една фабрика во Кочани за хартија и целулоза, од слама. Дали воопшто некој размисли дека во Македонија има и друг производ што се пали на ангро. Ние имаме ЈИНО, имаме винови лози. Ги кроиме, имаме прачки, ги палиме и ги фрламе горе - доле. Тоа е огромна суровина.

Имаме програма во која се кажува дека може да се произведат 45 илјади тони хартија и тоа квалитетна што ја увезуваме од поранешните бивши југословенски републики, односно од надвор, Бугарија, Маџарска, Полска, Германија, Австрија итн. Таа се вика хартија што не пропушта вода. Тоа значи дека нашата Влада, министерството за развој, за стопанство мислам дека Петруш ова убаво го знае, ќе треба да се разработи таа фабрика, таа е веќе подготвена, програмата е направена во Љубљана и Скопје, "Индустриско биро - Љубљана". Тоа се добри стручњаци, ги има и во Скопје такви. Ќе се вработат 300-400 работници и постигнување на нето девизен ефект од такви производи што ни е потребно. Меѓутоа, за несреќа почина Тито, после тоа Крајгеровата комисија како што знаете и долговите на Југославија каде беа колкави беа и од каде веспарица фабриката не се изгради. Меѓутоа, морам да кажам дека полити- чарите беа прва пречка. Не, ќе ја прави Крсте таа фабрика или; не, ќе ја прави "Јосиф Свештарот" или незнам кој. Сакам да кажам ова се мали работи, ситници, само ги

нагласувам да се имаат предвид при конструкцијата на натамошното работење на државата, односно Владата.

Понатаму.....

(од редовите на пратениците на ПДП-НДП се слушаат дофрлувања и реагирања)

Молам, обратете се кај претседателот. Тој ќе ви каже.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Ве молам продолжете. Г-динот Фаик Абди е раководител на парламентарна група и неговата дискусија не е ограничена.

**ФАИК АБДИ:**

Вие во вашата партија можете тоа да го правите. Многу сте интересен некако. Да не ви пречи нешто мојата фаца? Сите ми се пријатели, само *вие некако?! А вие сте ми пријател сигурно.

Мислам дека нашата Влада ќе води поголема грижа за сето она што се случува во Републиката. Без развој на стопанството нема ништо. Нема развој на нестопански дејности, нема лични доходи, нема образование, нема воспитание, нема ништо.,

Е сега, бидејќи сум еден овде ром, сакам нешто да кажам и за Ромите. Веројатно, во натамошните програми за работа на Владата, односно за нашето живеење да речам, министерот за образование не е тука, веројатно ќе има предвид дека учебната година започна и дека се декларираме ромчињата да учат 3 часа неделно ромски. Веројатно тоа ќе се оствари. Има некои кој сака тоа да го пречи. Тоа е веројатно од она 47-годишното владеење.

Има нешто внатре кај него. Па, веројатно  Владата тоа ќе го увиди и ќе го отфрли тоа од него. Тој е во Заводот за школство на Македонија, има некој си незнам како се вика. Прави некои пречки.

Веројатно ќе се оствари планираното, заедно со министерот за образование, отворање лекторат за ромски јазик на Филолошкиот факултет во Скопје. Веројатно нашата држава и покрај сите тешкотии ќе најде средства за испомош на МТВ, тие почнаа да осиромашуваат се повеќе и повеќе и во тие рамки секојдневните проблеми на радиото и телевизијата, весник на ромски јазик итн.

Веројатно скоро, многу скоро, министерот за урбанизам и градежништво и што ја знам како ќе биде, екологија, мекологија итн. ќе најдат начин да видат што е тоа што се случува со ромите во Штип, луѓето се надвор, нема каде да спијат, нема што да јадат. Веројатно, оваа Влада ќе поведе поголема сметка и тоа многу брзо, требаше денеска да има еден состанок во Радио Скопје, меѓутоа заради ова останав овде на седницата, хангарите во Шуто Оризари наместо 10 години седат таму 29 години и ни куче не може да живее таму. Ќе мора да се најде решение за тие луѓе, нешто таму да се стори.

Веројатно проблемот за реинтеграција што не можевме со господинот Лепавцов да се разбереме што е тоа што станува со Германија, колку пари се донесени, колку останале, колку отишле. Токму некни, заедно со сите директори на "Комуналец" направивме една обиколка на тие убави згради, во непосредна близина, еден метар отворена фекална канализација. Замислете што значи тоа. Никој не води сметка, тоа така стои. Сега, Германецот кога ќе дојде амбасадорот ќе дојде и кога ќе види тоа и сигурно нема да даде марки. Во интерес на Републиката тоа е да се оствари.

Веројатно многу ќе се размисли за проблемот во Куманово. Со години вода ги носи луѓето, никој не води сметка. Дали може таа рекичка да се скроти, да се направи таму нешто да не страдаат луѓето. Што е она во Кичево отворена канализација во касарната, сега наша македонска, отворена фекална канализација низ маало таму тече. Никој не води сметка што е тоа.

Простете, да речам граѓани од "Ж" ред, може и така да речам зашто фактички така е, меѓутоа џабе е нашата политичка рамноправност и џабе можеме, можеби на други избори ќе бидеме повеќе овде но во економски не сме еднакви. Ние Ромите не мислиме дека ќе бидеме економски еднакви овде. Ние го одбравме најдолгиот пат образованието. Ние што повеќе ќе инсистираме вие да ни помогнете, бараме помош од поеманципираните од нас. Јас овде очекував во ова Собрание дека ќе стекнам некоја поголема еманципација. Меѓутоа, со денови слушам расправии само за една запирка да речеме и каква е таа еманципација, поголема демократија. Можеби е демократија?!

Мислам дека имаме една работа која што не сме ја докрајчиле. Ние, според Уставот се договоривме востановивме Совет за меѓунационални односи. Рековме треба да го основаме. Му препорачувам на господинот Глигоров, претседателот на РМ што побрзо да го состави тој совет за меѓунационални односи за да може таму да разговараме малку повеќе околу овие прашања што доаѓаат овде и тука биеме копје. Мислам дека е тоа многу важно прашање.

Сигурно, оваа комисија што ја имаме за правата на човекот, овие денови ние ќе се состанеме, јас сум член таму и претседателот ми кажа дека ќе закаже состанок, има многу жалби не решени работи. Сигурно ќе дојдат на ред и тука во Собранието.

XI/6

Меѓутоа, народе македонски, како да ве речам, ние не можеме да сакаме демократија, не можеме да сакаме плурализам, повеќепартиско однесување и повеќе партии по целиот систем наш овде во Македонија, на Балканот или што ја знам како, а сакаме самоуправно да живееме, сакаме да избираме директори, сакаме да направиме ова или она по стар терк. Тоа не ќе може. Ние како држава не ќе можеме да опстанеме ако технолошки оваа машина бара само 10 работници. Таму ќе ставиме 8 работници. Има да работи како што работи оној во Германија па да земе 2000-3000 марки. Е, не може 30 души, мои 5, твои 5 итн. не може со 30 души пак 2000 марки.

Деновиве имаме зачестени штрајкови. Сигурно има потешкотии нашата Влада. Веројатно, тоа беше оној страв што го искажа г-динот Гошев, барање на самоуправување, односно веројатно ќе се врати, ќе има такви апетити. Сигурно има. Навикнале така. Една нога, четврт нога, во фабрика, а другата нога или незнам колку на нива. А ни таму не се продуктивни. Па, заради тоа народе на Македонија ние сакавме на ваков начин да живееме и мора така да се однесуваме. Ние не смееме поинаку. Мора да го зголеми производството. А, да го зголемите производството мора да работиме онака како што работат работниците на Запад. Само така ќе имаме поголеми плати. Само така ќе имаме и тука повеќе средства за општи општествени потреби.

Мислам дека Владата, особено ресорот за финансии ќе треба да направат една пресметка на вкупната општествена акумулација Вкупно општествената акумулација, опростете во една табела, сигурно тоа е голема работа, целата република како едно претпријатие, извинете кажувам овака, нека вкупниот приход ви е како индекс 100 потрошените средства без амортизација, па со амортизација колку се па нето личен доход, тоа го земаат работниците, а се друго за општествена акумулација.

Колкаво е, опаѓа, расте да видиме колкава е, амортизацијата веќе ја проголтавме, тоа да го видиме па така да се исплашиме.

Извинете што ми одземав време, но интересно е, господинот Пановски сигурно зборуваше 45 минути и никој не му се смееше. Го слушавме сите. Интересно зошто кога јас зборувам вака се однесувате. Опростете, можеби незнам добро да зборувам македонски. Така знам да зборувам. Фала ви многу. Ќе се обидам и јас да ви пречка кога вие ќе зборувате.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Само заради тоа што овде ве водиме во коалицијата, луѓето овде спрема вас како член на пратеничката група на Социјалистичка партија. Само заради тоа. Рековме за раководителите на пратеничките групи нема ограничување. Вие сте само пратеник, јас мислам дека така ги разбирам сите нив, а дека не е во прашаше некој личен однос.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, Хендикепиран од редоследот на јавување за збор, должен сум да изнесам дека пратеничката група на РС-Либерална партија го поддржува изборот на новата влада, затоа што предложената нова Влада има карактер на политичка влада, а јасен е ставот и определбата за формирање на политичка влада, што всушност значи операционализација на одредбите од Уставот кој признава единствено политичка влада во системот на јасната поделба на власта.

Формирањето на политичка влада претставува гаранција и елемент на стабилноста на Републиката и демократијата во неа и создавање на услови за поефикасна работа и одлучување на Парламентот.

Изборот на политичка влада ќе значи и преземање одговорност како од страна на Владата така и од политичките субјекти кои стојат позади неа и во нејзиното составување за стабилизирање на вкупните состојби во Републиката, за спречуваше на опасностите од општ хаос и колапс, за ефектите од одлуките на Парламентот за продолжуваше на постигнувањето основните државни цели и разрешувањето на зголемените економски и социјални и меѓунационални проблеми во Републиката. Поддршката на новата влада, претставува одговор и отфрлање на сите префрлувања и приговори изнесени на наша адреса во средствата за јавно информирање за наводно штитеше во составуваше на владата на теснопартиски интереси, разни обвинувања за комбинаторики и манипулации комбинаторики и комбинации во борба за власт и слично.

Напротив, доследноста во нашата определба за политичка влада и толерантноста во преговарањата за распределба на министер- ските ресори резултираше во предложениот состав на оваа Влада.

Некои од оценките и мислењата во постапката односно во однос на постапката при составувањето на новата влада ги изнесе координаторот на пратеничката група. Јас оценувам за потребно посебно да потенцирам дека длабоко темелно и дипломатски и тактично беше некои од министерствата, преку кои всушност се остварува и целокупниот општествено - политички живот во Републиката и во кој е концентриран инпериумот на државата во Републиката, министрите за тие министерства да беа регрутирани од листата на РС-Либерална партија заради својата неоптовареност од аспект

на политичка наследство или во најмала рака требаше предлагањето односно поддржувањето на кандидатите за овие министерства да беа од сите партии кои учествуваа во составувањето на новата влада, затоа што е таков карактерот и природата на овие министерства, а исто така и како оневозможување да се сомнева во евентуалните злоупотреби во остварувањето на власта.

XII/1/НН/лј

**ПАНЧЕ МИНОВ:** (продолжение)

Владата се формира во многу тешки услови и кризни состојби- во кои е неопходно политички единство, патриотизам и заедништво во разрешувањето и достигнувањето на сите национални и државни цели при што има извонредно големи задачи обврски и одговорности.

Партиципирајќи во составот на новата Влада и учествувајќи во вршењето на власта ќе го преземеме и степенот на одговорноста во нејзиното остварување, а нашите цели и заложби во новата влада се познати, и тоа:

Задржување на мирот и стабилноста во републиката, забрзување на целосното меѓународно признавање на Републиката; демократизација на политичкиот систем; донесување на сите системски закони што поскоро; приватизација и реприватизација, либерализација на економските и стопански токови кон создавање на пазарна економија и ослободување на надворешната трговија реформа на банкарскиот систем; стабилност на државната власт и одговорност за спроведување на законите; намалување на оптоварувањата од сите видови на давачки и на граѓаните и стопанството, заживување на локалната самоуправа.

На оваа Влада посебна сакам да потенцирам една од приоритетните задачи ќе треба да биде ангажирањето и ефикасноста на мерките во земјоделието во правец на создавање на услови за ослободување на пазарот за реализација на земјоделските производи, на пример пласманот и откупот на грозјето е на прагот, целосна заштита на земјоделското производство и негово финансиско поддржување..

**БЛАГОЈА ХАНЏИСКИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, во изминатите три дена беа кажани многу работи потребни и непотребните, и од потребните и од непотребните ќе боли глава меѓутоа ми се чини и од двете групации изнесените работи секако ќе и користат на Владата.

Јас сакам да укажам на еден микро проблем заради тоа што очекувам дека основните задачи за кои што зборуваше мандаторот на Владата, шест основни пункта на кои што Владата ќе мора да на- паѓа и во од, ќе мора во најскоро време и да се операционализира затоа што така беше ветено и така се очекува. Притоа, сакам да потсетам односно да укажам на една работа која што настана како резултат на тоа што колку толку во последните две години сепак се променија условите за работа и во сферата на повеќе општествени дејности, кои што од разноразни причини, и објективни и субјективни изостана законската регулатива со која што некои од клучните општествени области треба да се уредат на начин кој што ќе биде примена на ново изменетите услови.

Затоа сакам да замолам и да кажам дека ќе инсистираме во сферата на општествените дејности, од минатата година практично од јули месец седат пет закони со кои што треба да се уредат тие области само заради тоа што во изминатиот период не се оцени дека пред донесувањето на тие пет основни закони треба да се донесе т.н. закон за јавни служби или јавни установи во кои што ќе се дефинираат сите задачи на јавните служби, да се дефинираат јавните установи, начинот на нивното управување, ќе се дефинираат извршителите на тие јавни служби за државата и ќе се дефинираат и обврските на државата према нив. Затоа сакам да замолам како една од приоритетните задачи во сферата на општествените дејности

во операционализираната програма на Владата веднаш да се подготви законот за јавни служби заради тоа што со него се кочи уредувањето на сите тие области.

Со донесувањето на законот за јавни служби врзани се и еден дел од проблемите кои што зависат од тоа што го имаме денес во сферата на општествените дејности, а тоа е неможноста да се потпишат таканаречените колективни договори и во сферата на општествените дејности кои што зависат од донесувањето на овој закон. Инсистирам во таа операционализирана програма прво да се подготви тој закон^а потоа да одиме на другите закони кои што се во поодмакната фаза.

**ЈОВАН МАНЧЕВСКИ:**

Почитувано претседателство, почитувани пратеници,жилавоста на старата влада односно апологетството не исцрпи во претходните два .дона до крајни граници и нас пратениците а и граѓаните во очекувањето да биде разрешен уште еден "гордиев јазол". Затоа и не- сакав да се јавам за дискусија но ме наведоа некои пратеници и нивната забелешка во најблага форма речено за татковците и нивните деца политичари.

Убеден сум дека никој жив не може да биде, да набеди некого само затоа што има татко, а уште помалку да го повика на одговорност за постапките на родителот на евентуалните негови греови. Заради тие некои ќе бидат дури и хендикепирани што не можат ниту да се заќутат со заслугите на своите родители. Дотолку повеќе што не можат да се заќутат ниту со тоа што можат голем дел од апологетите дека не копат, во некое време биле членови на комунистичката партија.

XII/4.-

Што се однесува до новата Владата едно е јасно, а што беше и спомнато дека таа не е по мерка на нашата партија, но барем засега може да се каже дека ќе у чествува во власта и во одговорноста што произлегува од тоа. За разлика од претходната Влада во која немаше никаква партиципација. Сега е особено јасно чиј бил интересот што подолго да се одржи старата Влада и да не се избере нова, иако сите знаеме дека ниту порано не беше политички одговорна, а особено откако и беше изгласано недоверба, нејзината доверба нејзината одговорност беше сведена на нула.

На крај една дигресија мала на она што вчера зборуваше колегата Иван Иванов. Откако дојдов во Собранието благодарејќи и на објективноста на новинарите од "Нова Македонија" ниту мајка ми не може да ме препознае затоа што ми ставиле ново име а не оние што ме познаваа во Виница и нејзината поблиска околина.

**ДУШКО НИКОЛОВСКИ:**

Почитувани пратеници, во интерес на времето а респектирајќи го пред се излагањето на мандаторот Бранко Црвенковски, и имајќи го предвид неговиот мандаторски состав з а Владата, коалициониот фактор и пред се, сугестијата на претседателот на Парламентот моите доприноси и сугестии во друга пригодна прилика ќе се произнесам, а сега се откажувам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

После искажувањето на некои пратеници и особено ова што беше кажано на конференцијата за печатот од двајца членови на Владата во оставка околу легалитетот на изборот на новата Влада чувствувам за потребно да го кажам и своите мислење бидејќи бев член на Комисијата за уставни прашања, а има тука и други членови. Да ве потсетам ние тогаш

работевме фактички по еден член дневно, така да многу добро ја познаваме членовите на уставната комисија суштината на сите одредби на уставот:

Во член 90 многу лошо се интерпретира и толкува овластувањето на претседателот на Републиката да го довери мандатот на определена партија. Во Уставот многу децидно стои дека претседателот на Републиката ќе го довери мандатот на партијата, или партиите што имаат мнозинство, односно што ќе обезбедат тоа мнозинство. Според тоа во Уставот не стои ниту како е малцинска Владата ниту^како е коалициона Владата ниту каква е концентрациона Владата, едноставно стои партиите или партијата ако има мнозинство 61 глас во парламентот мора да го добие мандатот.

Мандатот како што кажа еден пратеник овде прво е доверен на ВМРО-ДПМНЕ, ВМРО-ДПМНЕ го врати мандатот. Се довери на Социјалдемократскиот сојуз. Социјалдемократскиот сојуз не го врати мандатот туку го врати еден кандидат на социјалдемократскиот сојуз. Во тоа е суштината која во јавноста предизвикува дилеми после овие интервенции од некои министри.

Второ, околу челен 10 од Уставниот закон за спроведување на Уставот. Мислам дека никој не може да сфати дека е рационално решение со Уставен закон да се амнестира одговорност било претседател на Република или Влада, па да се каже дека до нови избори на функција ќе остане постојниот претседател на Република или постојната Владата. Напротив, ако сакате и граматички да го толкуваме Уставот, во Уставниот закон стои првиот став дека "Парламентот, останува да функција до новите избори". Според тоа од формално правен аспект совршено и јасно и кристално јасна како солза е работата.

XII/6.-

**ЏЕЛИЛ ТАИРИ:**

Почитувани пратеници, со оглед на тоа што овие три дена беше речено доста јас во најкратки црти ќе се осврнам само на неколку моменти.

Прво, проблемот што овде беше изнесен за мирот во Републиката, што во досегашните дискусии заземаше централно место. Основен предуслов за меѓународно признавање на Република Македонија е запра во мирот и стабилноста на Републиката односно решавањето на проблемот на рамноправноста и меѓунационалните односи е основна гаранција за признавањето на Република Македонија.

Новата влада мора да вложи напори да го реши и проблемот на средното и високото образование на албанците, а и на другите во Републиката. Школската година започна, а доста завршени средношколци не успееја да се запишат на факултетите, овој проблем е присутен и во средното образование, па дури и во основното, каде оси. Устав им е гарантирано тоа право.

Иако оваа програма ги дала генералните насоки сметам дека на овие прашања требаше нешто повеќе да се каже, меѓутоа, новата Владата потребно е што побрзо да излезе пред ова Собрание со пообемна и попрецизна програма за можните патишта и надминуваше на постојните проблеми.

За причините на изгласувањето на недовербата на старата Влада доста беше речено, но јас ќе подвлечам дека новата Влада не треба да ги повтори грешките на претходната. Редиците на нафта и нафтени деривати, штрајковите, како и проблемите во образованието и воопшто јасно ни укажуваат на состојбата со која оваа Влада треба да се соочи. Иако во програмата е спомнат проблемот на трансформацијата на општествениот

XII/7.-

капитал ценам за потребно да истакнам дека ова прашање треба да се забрза бидејќи овој проблем веќе виси во воздух. Некаде е извршена трансформација по пат на интерни акции, некаде овој процес останува на пола, а некаде не е ни започнат. Малверзациите што досега се јавија на овој план бараат од новата Влада целосно преиспитување на досегашната трансформација

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:**

Бидејќи температурата е многу висока овде, а овде на говорницата е уште повисока, јас ќе бидат многу краток не со цел нешто ново да кажам туку со цел да ја оправдам оваа Влада што доаѓа, да ја мотивирам и иницирам некои проблеми на кои што мислам дека и ние како парламент и Владата треба да се позадржиме во наредниот период.

Прво, ние живееме во еден светски амбиент а не случајно тоа го кажувам, затоа што тој амбиент треба да се пренесе и кај нас затоа што имаме огромна афирмација на човекот, снажен продор на знаење, наука, каде што е створена клима за огромно стваралаштво креативност за маркетинг, за се она што носи огромен напредок прогрес демократија, права на луѓето итн. Ние сме сведоци дека овој век е исполнет со огромни технички и технолошки достигнувања. Тие технички и технолошки достигнувања се ставени во службата на човекот во службата н а граѓанинот, на народот и тие продреа во сите области (индустријата сообраќајот туризмот, банкарството). Во сите области на човекот се ставени во корист на функција.

Власта во тие земји било да е законодавна, било да е извршна дури и да е судска е ставена во корист и полза на човекот. И во тој свет, посебно во тој цивилизиран и развиен свет се изградени правила на однесување. Ние некако се обидовме тие правила на однесување да ги внесеме и кај нас

со парламентаризмот, мислевме дека со тоа што ќе направиме повеќе партиски систем, со тоа што ќе направиме една влада која излегува од тој систем со такво чувство, па ако направиме и еден таков устав дека ние ќе навлеземе во тие праивла на однесување. На жалост ние тоа не успеавме. Обратно, ние наметнавме еден крупен примитивизам, едно клъукарство, вреѓање. Ние нествoривме амбиент на стваралаштво, креативност, тоа што е токму во тој свет, не успеавме да ги мотивираме способните снаги кои имаат знаење, кои можат да направат продори. Не успеавме да ја активираме ни таа каква таква наука. Резултатите на тоа се нашиот огромен материјал колапс, падот на стопанството, на стандардот, на животот, на она што денеска постои кај нас, за што сум зборувал многу порано.

Меѓутоа, господо нема назад. Нема апатија, нема пасивизираност, нема место за кукаksex.1Има можности оваа Македонија, не е сиромашна земја. Ние за овие години од 45 години како што имавме држава и направивме огромни капацитети, створивме кадрови, створвиме навики за работа, створивме работничка класа има излези, има можности и можеме да излеземе од оваа ситуација. Само треба во овој парламент да го наметнеме проблемот на економијата. Тој проблем со цела своја сериозност да се третира и тука сакам да се обратам до Владата да таа со ред одлуки, со ред предлози, со ред студии да ги наметне во парламентот и ние со тој проблем да се давиме а не со проблемот на клъукарство, на врегање на примитивизам. Не со проблеми на составување на дневен ред. Ако навлеземе во тие проблеми да ги решаваме, а има решенија и имаме луѓе кои можат тоа да го решат тогаш ќе имаме и резултати. Погледајте

XII/9.-

само ние колкава индустрија сме изградиле, меѓутоа, таа индустрија денеска ја користиме со дваесет до 30% капацитети. Како да ја активираме сега таа индустрија треба да седнеме да изнајдеме можности. Една од можностите, практично што треба да се пристапи, многу брзо ние да најдеме решение во пласманот. Тие решенија можат да бидат и краткорочни и долгорочни. Некои од тие прашања овде беа загатнати. 3 а некои и се зборуваше, но во негативна конотација. Ако ние воспоставевме односи со некои нови земји зошто во тие земји не бараме сега да имаме одредени привелеговани положаи со оглед на нашиот степен на неразвиеност, како што е Америка и сега ни даде. Зошто кога имаме со Турска веќе формирано високи политички односи не се избориме и за страшно поволни економски односи, да не зборувам и за поширокиот тој дел. На оваа Влада мора во тој поглед тоа да и биде основна задача, иницијатива и овој Парламент да поднесе за стварање на една широка економска унија каква што овде беше дури и оценета и негитивистичка,па нека биде и царинска унија, и било кои други облици на стварање, на излегување на нови пазари, затоа што ние еден пазар изгубивме.

XIII/1.-ЛК/МЛ

**ЉУБОСАВ ИВАНОВ:** (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Какви огромни капацитети имаме ние во туризмот. Видовме што се случи оваа година и оној висок туризам, и тој туризам во народната радиност потполно потфрли. Задачата на Владата треба да биде со земјите со кои сме имале високи туристички односи, со една Холандија, со еден Ванденбрух кој рече да не се патува во Југославија тој повторно да даде една изјава да може да се доваѓа во Македонија. Јас тоа многу го упростувам, но треба да има широки разговори, преговори, договарања итн., да го вратиме ко огромен туристички бран кој беше овде во Македонија. Тоа се, однесува и за земјоделството и за сите области. Мене не ми дозволува времето за тоа да зборувам, а и вие немате трпени и сакам да кажам дека за оваа Влада ќе кажам и ќе ја поддржам пред се, затоа што таа Влада е предложена од два мандатори и мора да се избрани квалитетни луѓе на таа Влада. Јас многу од тие луѓе не познавам, меѓутоа тука беше прво Перо, па потоа Бранко од иста партија итн. и верувам дека се избрани корисни луѓе. Кога беше тука онаа Влада, јас тогаш направив една алегорија па реков: Ако оваа Влада ја спородиш со фудбалската репрезентација на Миљаниќ, нарочно избегнувам да кажам со поранешната југословенска репрезентација, има многу луѓе кои се алергични на тоа, меѓутоа таа репрезентација беше составена од младост и старост и исто така и таа Влада беше предложена и составена од стари и млади наши кадри и ако освои петто место како репрезентација јас би предложил сите да бидат народни херои. Од оваа Влада не би барал тоа, но ако влеземе во 16-финале ќе биде добро, а тоа значи навистина да се зафати со крупните проблеми. Компирот е многу жежок, во раце тешко се држи, но оној кој веќе го зел морал да биде психолошки подготвен за да го сочува.

XIII/2.-

**ГАЗМЕНД АЈДАРЕГА:**

Почитувани пратеници, по однос на понудената програма на Владата на Република Македонија, иако мандаторот исцрпно ја образложи, сепак би сакал да изнесам некои мои видувања кои делум- но беа изнесени, а некои беа недоволно апострофирани, кои по мое мислење би требало да најдат место во програмата.

Прво, со Уставот на Република Македонија, член 55 е предвидено Републиката да обезбедува еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, како и тоа дека Републиката презема мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Во досегашниот период од новите избори наваму по мое мислење недоволно е сторено на обезбедување на еднаква правна положба на сите субјекти на пазарот, а недоволно се преземени и мерки против монополската положба и монополското однесување на пазарот. Впрочем, како може да се објасни ако не така недоволната стабилност на пазарот со нафта, односно нафтениот колапс кој владее во Републиката.

Второ, познато е дека приватниците во Републиката располагаат со поголем капитал изразен во пари, материјални средства и работна сила, кои порано барем на ниво на бивша Југославија се ценеше дека е поголем од височината на југословенскиот долг пред раздружувањето на Југославија. На овој план ценам дека во програмата треба да најде место прашањето на доградувањето на условите за целосно успешно активирање на приватниот капитал.

Трето, во Републиката владее голема невработеност. Ми се чини дека во армијата на невработените најмногубројни се младите квалификувани кадри. Во таа бројка многу се оние што воопшто не успеале да се вработат а не располагаат со свој капитал преку кој би се вклучиле во

приватниот бизнис. Оттаму, ценам дека во програмата на Владата треба да најде место вработувањето на младите стручни кадри но не на начин како што се правеше во минатото туку исклучиво преку обезбедување услови за реализација на атрактивни програми за продуктивно вработување.

Четврто, со прифаќање на демократските процеси ја при- фативме и пазарната економија односно пазарното стопанство, кое како процес се бори да најде свое место под сонцето и во нашиот секојдневен живот. Меѓутоа, она за што јас тука се залагам е во програмата на Владата да најде свое место воведувањето на пазар- на економија и во надградбата односно во здравството, образованието, културата, физичката култура и др. Бидејќи она што ни се случува особено во здравството е за секоја критика, од една страна тоа се финансира од придонесите што ги плаќаат вработените, а од друга страна тие вработени осигуреници поголемиот број на лекови и друго ги плаќаат во готово. За право, воведување на пазарна економија и во надградбата по се изгледа е излез од неповолните состојби во надградбата.

Петто, проблемот на штедните влогови се спомнува во програмата. Поаѓајќи од тоа колку тежи тој на штедачите, од кои по- големиот број така да се изразам ги оставија коските на печалба за да се заштедат, а сега не можат да подигнат денари во противвредност од 10 0 германски марки, молам Владата при конципирање на динамиката на реализацијата на програмата предност во решавањето да даде на ова прашање. За ова веќе зборуваа некои други пратеници, меѓутоа јас повторив.

На крајот да кажам дека овие три дена колку што трае оваа седница слушнавме многу дискусии, особено од страна на некои пратеници на ВМРО-ДПМНЕ и независни пратеници кои ни најмалку не се оддалечуваа

од она што се чинеше за време на. предизборната. активност. Лично не забележувам, така и им е зацртано во нивната програма. Еден пратеник отиде дури дотаму да спомнува невистини за Дебар. Со какво право незнам, бидејќи ако има такво нешто тоа ќе го кажам јас кој сум пратеник од таа изборна единица, а не некој душебрижник надвор од Дебар. Еден господин дури денес тука спомна меѓу другото дека во Западна Македонија се формира паралелна власт. Тука го спомна и Дебар. Ме чуди зошто во Дебар Албанците да формираат паралелна власт ако тие таму власта ја имаат. Дваесет и пет одборници од ^вкупно 35 се на ПДП. Ме чуди зошто вака. Ако мислеше на некоја друга партија дека формира паралелна власт, тогаш можеби има право.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Инаку, тоа е се разбира власт на Република Македонија, се едно која партија ја држи. Не може да биде власт на Албанците, на овие или оние. Со тоа да сме начисто.

Има збор патеникот Стојмир Цветковски.

**СТОЈМИР ЦВЕТКОВСКИ:**

Почитувани пратеници прифаќајќи ја во целина глобалната програмска определба на мандаторот на новата Влада за идниот развој на Републиката и составот на Владата, сакам како пратеник од неразвиена општина да изнесам некои свои лични видувања.

Прво, би било неопходно сегашната динамика по однос на третирањето на развојот на недоволно развиените општини, посебно општините од пограничните подрачја и понатаму да се динамизира и да добие свое место како во однос на зајакнуваше на фондот на неразвиените, исто така и во сите други третирања. Тоа пред се се однесува на

ревитализација на селото каде се укажува неопходна потреба за подобрување на стандардот на селото, подобрување на инфраструктурата поаѓајќи од патишта, водоснабдување, струја итн., а за аграрот и сточарството да не зборувам.

Второ, предвидената трансформација на општествениот капитал која иако е во своите зачетоци доста најави така да кажам дилеми кои особено во однос на работничката класа не се прифатливи. Според тоа на новата Влада препорачувам процесот на трансформација на општествениот капитал да добие еден постепен тек сағнови инструменти за регулирање на начинот на трансформирањето за да не се создадат нови неправилности и создавање неоправдани збогатувања на луѓе.

Друга работа што во програмата не беше спомната тоа е изградување на нормативи во соработка со синдикатот за објективно стекнување на личниот доход во и надвор од стопанството. Мислам дека, процесот на штрајковите наизменично во стопанството и вонстопанските структури е резултат на тоа што се енормни разликите по одделни структури, кои се невоедначени, а тоа е токму поради тоа невоедначување како бран на тие штрајкови кој е постојано во тек, а доста е забележливо дека одредени политички партии токму со тие неправилности се служат и на тој начин ги потенцираат овие појави во општеството.

Поради тие причини потребно е и се укажува потреба од зголемување на личниот доход, тој личен доход да биде за сите структури истовремен и сразмерно подеднаков, нормално не со исти туку со логични разлики во платата.

На крајот иако претходниот дискутант спомна сакам да кажам дека во програмата треба, како Влада која е составена од млади луѓе, да го има„

XIII/6.-

предвид проблемот на невработеноста заради тоа што бројката од 173 илјади невработени само се зголемува, а можам да кажам дека голем дел од невработените со завршен факултет се во години во кои се наоѓаат и предложените кандидати за состав на новата Влада. Од тие причини на мислење сум да се сфати сериозно проблемот за трансформација на стопанството и да се даде еден министер кој посебно ќе се бави со таа проблематика. Мислам дека и проблемот на невработеноста бара едно такво усогласување со постојните служби за невработени тој проблем конечно да се симне од дневен ред и да најде свое место во составот на новата Влада.

На крај не можам а да не искажам дека високо го ценам храброто прифаќање во состав на новата Влада на сите млади пред- ложени кандидати за мандаторот и министерот и изразувам целосна поддршка, а воедно можам да кажам дека во времето кога искушенијата се многу големи проблемите се неизмерни, предлагањето со овие проблеми да се разрешуваат и да се заземат вакви позиции од страна на одредени стручни кадри се можеби поради лични свои избегна- ти, мислам дека новопредложената Влада со поддршка на сите нас ќе ја оправда нашата доверба, а ќе ја оправда и довербата на целата македонска држава која со векови е оспорувана како држава и како држава која не може да си конституира своја власт.

**ЕФТИМ МАНЕВ:**

Почитувани пратеници, бидејќи имаше повеќе дискутанти и прилично се искажаа по програмата на мандаторот Бранко Црвенковски, јас ќе се погрижам да бидам сосема краток и во неколку реда да го кажам моето мислење.

Го ценам неговото излагање дека времето било прекратко да изготви програма таква каква што ја замислувал, но сепак сметам дека

предложената програма не дава никакви гаранции и убедувања дека Владата нешто ќе чини повеќе од она што беше од претходната Влада. Предложената програма по мое длабоко убедување не се разликува по ништо од програмата на претходната Влада. Разликата е во тоа што таа Влада, односно поранешниот претседател Никола Кљусев ја даде усно а ова е во писмена форма. Можеби ваква програма каква што е понудена би можела да помине и да се прифати доколку ние вршевме прв избор, да беше конститутивно Собрание па Влада. Ова Собрание се најде во расчекор со Владата, не им изгласа доверба токму поради работењето по^една таква програма. Не ги задоволи барањата на Собранието, не ги задоволи барањата на граѓаните на Република Македонија.

Во програмата се наведени шест пунктови каде се анализирани проблемите во Македонија, но нема конкретни решенија, со исклучоци, по секоја точка што мандаторот дава заклучок дека но- вата Влада, доколку биде избрана ќе се ангажира да ги разрешува тие проблеми. Најнапред пред нас се испречени огромни дилеми. Пред една година ние донесовме Устав со кој Устав особено со Уставниот закон се обврзавме дека во рок од една година ќе ги донесеме сите системски закони. До сега имаме донесено само еден системски закон и повеќе закони се во собраниска процедура. Не се гледа од програмата дали таквите предложени закони оваа Влада која што е денес на избор ќе ги поддржува или ќе ги повлекува или да даде гаранција дека сите системски закони ќе може да ги донесе во еден оптимален рок. Во изјаснувањето на господинот Црвенковски стои дека ќе настојува, ќе се залага во што пократок рок. Таквиот краток рок е неограничен и неодреден.

Од тие причини сметам во едни вакви услови кога овој Парламент изгласал недоверба на една Влада, македонската јавност и граѓаните на

Македонија исто така се прилично изненадени од ваквата состојба и секако очекуваат поголема гаранција во разрешувањето на проблемите. Од тие причини сметам дека мандаторот требало да побара најмалку уште 2-3 дена да изготви солидна програма, која ќе дава гаранција дека ќе се направи нешто подобро.

По однос на предложените министри кои се за новиот состав на Владата можам да кажам се најдобро, со една моја лична забелешка што тоа го имаше и во претходната Влада и сега го има, ние голем број во Владата ангажираме научни работници. Сметам дека сепак местото на научните работници е во научните установи. Владата треба да ја користи науката, а не да ја повлекуваме науката од универзитетите во Парламентот, а нашите универзитети да остануваат осакатени.

**НАУМ СИМЈАНОВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во оваа прилика би сакал да искажам едно мое мислење во однос на изборот на членовите на новата Влада. Нереплицирајќи на досегашните дискусии кои се презентираа претходните два дена, ценејќи дека тоа е стварност во демократското општество на Република Македонија, ценам дека во овие судбоносни денови на Република Македонија се- кој граѓанин треба да се постави во положба како да е избран во овие 22 предложени кандидати и со таква сериозност да се пријде кон решавањето на сите егзистенцијални проблеми, со тоа определувајќи ја и чувствувајќи ја големината на одговорноста која е дадена како предизвик пред оваа Влада која треба да се избере. Пред нас самите парламентарци, пред секој поединец како трудбеник интелектуалец, творец, како и пред сите членови на 46-те

XIII/9.-

регистрирани политички партии во Македонија. Радикализацијата на отпочнатите - и навестени реформи е обврска која се нуди пред македонскиот граѓанин, кој бара и очекува решенија на сите настанати предочени проблеми за кои очекувам дека новоизбраната Влада ќе започне да ги решава со цела жестина и со сите расположливи со Уставот загарантирани должности и права. Се надевам дадените обврски да бидат двигателен фактор за сите нејзини членови, повеќе да нема филозофски пристап како досега зашто создадената горчлива реалност од такви пристапи е нешто сосема друго, заради која доведена реалност на досегашната Влада и беше изгласана недоверба. Мотивот за одење кон Европа кој во последно време за жал ретко се употребува а во стварност кон кој прогрес треба правилно да се насочуваме, тој процес мора да се забрза зашто патот е познат, единствено треба наше право и навремено насочување.

На крајот ќе се послужам со еден слоган од предизборните .кампањи "Македонија може". Јас би го модифицирал и би го искажал: "Македонија мора". Мора но од мала неразвиена држава да прерасне во голема со морал и нескршлив дух, независна развиена Република Македонија.

**ЏУЛИСТАНА ЈУМЕРОВСКА:**

Почитувани пратеници, немав намера да се јавам за збор на денешнава седница, меѓутоа, поради едно мое чисто принципиелно укажување на неодамна одржаната прес конференција, со цел да се сочува минимумот на демократските норми на однесување во еден политички живот, веднаш се јавија разни форми на притисоци, интриги, па дури и афери од поединци. Нив, всушност, и не им е прв пат, па и од оваа говорница ваквите свои способности да ги употребат во оцрнување на луѓето, а со желба да ги остварат сопствените замисли и цели. Јас имам сознанија кој ги пласира овие нешта, а кога ќе^имам аргументи и докази нив ќе ги апострофирам со име и презиме. Сакам само да укажа! дека доколку овие и вакви луѓе слични на нив не ги користеа за лично афирмирање сопствените сплеткарски особини уште од влегувањето на овој парламент, а кој до потполн израз дојдоа во сите настани врзани околу Владата, сигурна сум дека многу работи ќе имаат по природен и нормален тек. Убедена сум дека во тие луѓе треба да ги бараме виновниците за многу вакви и слични состојби.

**СТОЈАН АНДОВ:**

Дали уште некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Преминуваме на избор на Владата на Република Македонија.

Собранието ја избира Владата со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници со јавно гласање.

Гласањето за избор на Владата се врши по предложениот состав на Владата во целина.

Предложениот состав на Владата го ставам на гласање.

Кој е за , молам да крене рака? Пратениците креваат рака.

72 пратеници гласаа за (аплауз)

Дали има некој против? (5)

Дали има некој што се воздржува од гласање? (1)

Врз основа на резултатите од гласањето, констатирам дека за претседател на Владата на Република Македонија е избран Бранко Црвенковски.

За министри кој ќе раководат со одделни министерства се избран д-р Владо Поповски, министер кој ќе раководи со Министерството за Народна одбрана, д-р. Љубомир 'Фрчковски, министер кој ќе раководи со Министерството за внатрешни работи, Туше Гошев , министер гој ќе раководи со Министерството за правосудство и управа,д-р Денко Малески за министер кој ќе раководи со Министерството за односи со странство, Џевдет Хајредини министер кој ќе раководи со Министерството за финансии, Петруш Стефанов за министер кој ќе раководи со Министерството за стопанство,- д-р Софија Тодорова , за министер кој ќе раководи со Министерството за развој, Антони Пешев за министер кој ќе раководи со Министерството за урбанизам, градежништво сообраќај и екологија, д-р Ефтим Манчев за министер кој ќе раководи со министерството за земјоделство шумарство и водостопанство, Илјаз Сабриу за министер кој ќе раководи со Министерството за труд и социјална политика. д-р. Димитар Бајалџиев за министер кој ќе раководи со Министерството за образовани и физичка култура, д-р Аслан Селмани за министер кој ќе раководи со Министерството за наука, Гумел Исмаил за министер кој ќе раководи со министерството за култура, д-р Јован Тофоски за министер кој ќе раководи со Министерството за здравство.

За други членови на Владата односно министри се избрани д-р. Јане

Миљоски, д-р Љубе Трпески, маг. Гордана Сиљаноска и Сервет Азију."

За потпретседатели на Владата се избрани: господин Стево Црвенковски, д-р Бекир Жута и Јован Андонов.

Ги молам претседателот, потпретседателите и министрите кој ќе раководат со министерствата и другите министри и членови на Владата да дадат свечена изјава. Претседателот ја чита свечената изјава. Текстот на свечената изјава гласи:

"Изјавувам дека доверената функција ќе ја вршам совесно и одговорно, ќе се приложувам за Уставот и законите и ќе се борам за заштита на суверенитетот и интегритетот на Република Македонија".

Ги молам претседателот и потпретседателите на Владата, министрите кои ќе раководат со министерствата и другите членови на Владата да го потпишат текстот на свечената изјава. (го потпишуваат текстот на свечената изјава).

Ги молам службите да ги соберат свечените изјави потпишани.

Молам , дали ги собравте сите изјави и дали свечените изјави се потпишани (потпишани се)

Констатирам дека со потпишувањето на свечената изјава пратениците Бранко Црвенковски, Туше Гошев и Аслан Селмани го прифатиле изборот да бидат членови на Влада, сега стануваат членови на Влада и во склад на Уставот им престанува мандатот на пратеници. По силата на Уставот им престанува мандатот на пратеници и јас ќе распишам избори за тие изборни единици.

Истовремено, дозволете ми во името на сите пратеници да им го честитам изборот на претседателот на Владата Бранко Црвенковски, на

потпретседателите на Владата, на министрите кои ќе раководат со министерствата и на другите министри да им посакам успешна работа во разрешувањето на тешките задачи кои ги очекуваат во наредниот период, како и успешна соработка со Собранието на Република Македонија.

Истовремено, дозволете ми од мое и од ваше име да им заблагодарам на досегашниот претседател на Владата на професор д-р Никола Кљусев, на потпретседателите, на министрите кој раководеа со министерствата и на другите членови на Владата за нивните залагања и да им посакаме успех во нивната понатамошна активност (бурен аплауз)

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам 49-та седница на Собранието на Република Македонија.

Седницата заврши во 17,20 часот.